**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Сектор за макроекономска политика

**Скопје, ноември 2007 година**

**МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Содржина:**


........................................................................ 1
1. Тековен макроекономски амбиент........................................ 3
2. Очекувани среднорочни економски движења ........................ 5
3. Појдовни претпоставки и цели на Макроекономската политика........ 8
4. Фискална политика........................................................ 9
4.1. Инвестиции во јавниот сектор........................................ 13
4.2. Управување со јавниот долг............................................ 14
5. Монетарна политика...................................................... 15
6. Структурни реформи во 2008 година................................ 16
Индустрија.......................................................................... 16
Земјоделство....................................................................... 19
Сообраќај и комуникации ....................................................20
Реформи на правосудниот систем ....................................... 24
Реформи на пазарот на работна сила ..................................26
Реформи во финансискиот систем .......................................28
Претприемништво и развој на мали и средни претпријатија.......... 29
Други мерки за подобрување на бизнис климата...................... 30
Реформи во здравствениот сектор ........................................31
Спроведување на процесот на децентрализација......................34
Политики од областа на животната средина.............................. 35
Надворешно трговска размена и промоција ..............................37
Соработка со меѓународни финансиски институции................... 37
Соработка со ЕУ и Европска интеграција.................................. 38
Анекс: Основни макроекономски индикатори 2008-2010............... 40

## 1. Тековен макроекономски амбиент

Економските резултати во Република Македонија во 2007 година се најдобри во досегашниот период на транзиција, со позитивни движења во сите сектори на економијата. Тоа е првиот тест и потврда за успешноста на амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија, поддржана со дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика. Потврда за интензивните реформи во Република Македонија се и извештаите на две реномирани светски институции. Првиот се однесува на Извештајот Doing Business 2008, во издание на Светската банка и Меѓународната финансиска корпорација (IFC), според кој Македонија е рангирана на четвртото место во светот како најреформска земја, во конкуренција од 179 држави во сферата на економијата. Ваквиот пласман се должи на прогресот што го направи Владата на Република Македонија во скратувањето на постапките за почнување на бизнис и на роковите за регистрирање на фирма, како и во делот на намалувањето на даноците и олеснувањата на даночните процедури. Ова е од исклучително значење за Владата, како потврда за досега вложениот труд, бидејќи ќе го подобри имиџот на земјата и ќе поттикне поголеми домашни и странски инвестиции.

Второто признание доаѓа од Transparency International која ја рангираше Македонија на 84-то место според индексот на перцепција на корупцијата. Од екстремно лошото 105-то место што го делевме минатата година со Свазиленд, сега сме 21 место пониско, што е значителен напредок и покажува дека Македонија се движи во вистинската насока.

Економскиот напредок на земјата го покажуваат и статистичките податоци. Имено, **стапката на раст на Бруто-домашниот производ (БДП) во првата половина од 2007 година изнесува 5,5%,** споредено со скромните 2,7% во првата половина на 2006 година. Притоа, сите производни сектори остварија раст, а најизразен е порастот во услужниот сектор, конкретно транспорт и комуникации (11,1%), трговијата на големо и мало (14%), градежништвото (5%) и финансиското посредување (4,5%).

Важно е да се напомене дека позитивните економски движења се остварени во услови на **ниска и стабилна инфлација**, која за првите десет месеци од 2007 година изнесува 1,7%, што е за 1,1 процентен поен (п.п) пониско од очекуваното. Ваквото отстапување е резултат на намалувањето на цената на нафтата и нафтените деривати на почетокот од 2007 година, неостварениот планиран пораст на цената на електричната енергија, намалувањето на цената на парното греење, како и непроменетата цена на тутунските производи и покрај хармонизирањето на акцизата за домашните и странски цигари. Сепак, за разлика од почетокот на годинава, во последните месеци стапката на инфлација значително се зголеми како резултат на пораст на цените на прехранбените производи, така што проектираната просечна годишна стапка на инфлација изнесува 2,5%.

Растот во реалниот сектор е пресликан и во **надворешниот сектор**, при што за првите осум месеци од 2007 година растот на извозот изнесува 31,8%, додека растот на увозот 18,6%, што истовремено укажува на реално намалување на трговскиот дефицит. Како и кај реалниот сектор, така и во надворешниот сектор, растот е на широка основа, при што најголем е растот на извозот на основни метали (93,5%, главно како резултат на пораст на цените на овие производи на светските пазари), градежни материјали (50%), прехранбени производи и пијалоци (12,5%), облека (9,3%), производство на метални производи (83,7%), производство на машини и уреди (35,1%), итн. Намалување

на извозот е забележано само кај секторот производство на нафта и нафтени деривати, како резултат на затворањето на косовскиот пазар за Рафинеријата ОКТА, проблем кој веќе е надминат со исполнувањето на европските стандарди за производство. Позитивните економски движења се поддржани и со силниот раст на увозот на инвестициски производи и интермедијарни добра од 33,5% што укажува на зголемена производствена и инвестициска активност во земјата.

**Во социјалната сфера** исто така почнуваат да се чувствуваат ефектите на интензивираната економска активност. Така, стапката на невработеност според Анкетата на работна сила (ILO дефиниција) за вториот квартал од 2007 година изнесува 35,0%, што во однос на истиот период од 2006 година претставува намалување од 1,1 п.п. Исто така, бројот на невработени лица регистрирани во Агенцијата за вработување на крајот од септември 2007 година изнесува 361.600, што во однос на крајот од 2006 година претставува намалување од 1,6%. Истовремено, во периодот јануари-август остварен е номинален раст на просечната плата од 6,1% и реален раст од 5%, што предизвика пораст на куповната сила на граѓаните, односно личната потрошувачка, со високо позитивно влијае врз растот на БДП.

Позитивните движења во реалниот сектор се поддржани и со движењата во **монетарната сфера**. Имено, во првите 7 месеци од 2007 година, се забележува ниско, но континуирано намалување на просечните пондерирани активни каматни стапки на комерцијалните банки, со истовремено значително зголемување на долгорочните кредити за корпоративниот сектор (23% во јули 2007 година споредено со крајот од 2006 година), средства кои се користат за инвестиции, што е значителна поддршка за економската активност.

Од аспект на остварувањата во **банкарскиот систем**, вкупниот депозитен потенцијал на банките се зголеми за 17% во првата половина од 2007 година, при што повисокиот депозитен потенцијал, надополнет со зголемената конкуренција на банкарскиот сектор (влез на Societe General) и поактивната кредитна политика доведе до остварување на годишна стапка на раст на кредитите кај приватниот сектор од 23%. Притоа, највисок раст од 40% забележаа долгорочните кредити за претпријатијата.

Што се однесува до **јавните финансии**, во првите шест месеци се забележува стабилно и пудентно водење на фискалната политика, согласно договорениот аранжман со Меѓународниот Монетарен Фонд. Притоа, важно е да се напомене дека во 2007 година беа преземни значајни фискални реформи, односно беше воведена единствена стапка од 10% на персоналниот данок на доход и данокот на добивка, односно рамен данок, со преодна стапка од 12% во 2007 година, намалување на ДДВ за земјоделските производи од 18% на 5%, а во втората половина на годината и за дополнителни производи како лекови и медицински помагала, компјутери и компјутерска опрема, сончеви колектори и јавен превоз. Од особена важност е што во овој период, и покрај значајните даночни реформи, даночните приходи забележаа раст 12% повисок раст од планираниот, при што приходите од данокот на добивка надминуваат 50% од планираното. Ваквото зголемување на даночните приходи се должи на повеќе фактори, од кои најважни се: значително зголемениот економски раст на почетокот на годината, високиот раст на профитабилноста на фирмите во 2006 година (29,7%), административните олеснувања за плаќање на даноци, како и решителната борба на Управата за јавни приходи и Царината за подобра наплата на даночните приходи.

Оттука, сосема е извесно дека во 2007 година ќе биде остварена највисока стапка на раст на БДП во целиот транзициски период и покрај високиот пораст

на цената на енергијата на светските пазари, што значително ги зголемува производните трошоци на фирмите. Според проекциите, високиот раст ќе продолжи и во следниот тригодишен период со што, на среден рок, позитивни ефекти ќе се почувствуваат и во животниот стандард на населението.

## 2. Очекувани среднорочни економски движења

Во периодот на транзиција, а до 2006 година, македонската економија бележеше раст под потенцијалниот (според пресметките на Министерството за финансии, потенцијалниот раст на македонската економија изнесуваше помеѓу 5% и 5,5%). Ваквата тенденција на анемичен раст прекина во 2007 година кога, според нашите проекции, економскиот раст ќе изнесува 6%, со што, Република Македонија се приклучува на групата на понапредни земји во транзиција и го забрзува процесот на конвергенција со Европската Унија.

Основна цел на Владата на Република Македонија за периодот 2008–2010 ќе биде задржување, но и забрзување на високиот економски раст присутен во 2007 година, и понатаму придружен со ниска и стабилна стапка на инфлација, со значително позитивно влијание врз расположивиот доход на граѓаните, а со тоа и животниот стандард. Во перидот 2008-2010 година се очекува просечната стапка на пораст на БДП да биде на нешто повисоко ниво отколку во 2007 година, помеѓу 6 и 6,5%. Притоа, поттикнувач на економскиот раст, од аспект на расходната страна на БДП, ќе бидат личната потрошувачка и инвестициите (особено странските директни инвестиции - СДИ). Од производен аспект, пак, главниот двигател на растот ќе бидат услугите (види график 1), поради нивното доминантно учество во создавањето на БДП. Индустриското производство се очекува да расте со пониски стапки отколку услугите, со што ќе дојде до понатамошна промена на структурата на домашното производство кон услугите, слично на развиените западни земји.

График 1. Придонес во раст на БДП, производен метод




Извор: Министерство за финансии и Државен завод за статистика.

Придонесот на личната потрошувачка во растот на БДП за периодот 2008-2010 се очекува да се движи помеѓу 3,5 и 4 п.п. (види график 2). Ваквата претпоставка се базира на:
- проектиран пораст на нето платите од 7,5% во наредниот период, како резултат на порастот на платите во јавниот сектор од 10% и пораст на платите во приватниот сектор, кој ќе го следи растот на продуктивноста;
- пораст на кредитирањето на населението од 30% годишно;
- очекувано стабилно ниво на приватни трансфери.

Во насока на пораст на личната потрошувачка ќе делува и воведувањето на рамниот данок, односно намалениот персонален данок на доход од 15%, 18% и 24% во 2006 година на 10% во 2008 година.

Во согласност со заложбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика (дефицит на општиот владин буџет не повисок од 1,5% од БДП), придонесот на јавната потрошувачка во БДП во идниот период ќе се движи помеѓу 0,5 и 1 п.п., а во наредниот период се очекува и зголемување на процентот на искористување на капиталните инвестиции, што ќе придонесе за поинтензивен раст на БДП. Во наредниот период, согласно интензивираната реформска агенда на Владата на Република Македонија, подобрената бизнис клима, очекуваното членство во НАТО, како и очекувањето за започнување на преговори со ЕУ, инвестициската активност ќе се интензивира. Намалувањето на данокот на добивка од 15% на 12% во 2007 година и на 10% од 2008 година, како и ослободувањето на оданочувањето на реинвестираната добивка претставува дополнителен импулс за поголема инвестициска активност. Како резултат на сите наведени фактори, во периодот 2008-2010, проектираниот раст на бруто инвестициите изнесува помеѓу 13 и 16%, со придонес во растот на БДП од околу 2 до 2,5 п.п. (види график 2). Земајќи ја предвид увозната зависност на македонската економија, значително високиот очекуван прилив на СДИ (Johnson Controls, Johnson Matthey, Агрокор, ERA City итн.), како и очекуваната експанзија на личната потрошувачка, се очекува придонесот на нето извозот кон растот на БДП во идниот период да биде негативен, но стабилизиран на ниво од -1,5 до -2,0 п.п.. Висок раст на увозот е неопходен за забележување на повисоки стапки на економски раст, тренд присутен кај напредните земји во транзиција.

График 2. Придонес во растот, расходен метод




Извор: Министерство за финансии и Државен завод за статистика.

Стапката на инфлација, според проекциите, на среден рок ќе биде ниска, едноцифрена и во согласност со очекуваниот пораст на вработеноста, платите и личната потрошувачка, како и со проекциите за движење на цените на храната и енергенсите на светските пазари. Се очекува стапката на инфлација во анализираниот период да се движи помеѓу 2,5 и 3%, при планиран годишен пораст на вработеноста од 4% и на продуктивноста од 4-5%. Во правец на натамошно одржување на ценовната стабилност во економијата, како основна монетарна цел, ќе делува и монетарната политика. Во исто време, ќе продолжи и примената на Стратегијата на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото, со што одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот ќе претставува индиректна монетарна цел. Во овие рамки,

побарувачката на пари ќе се зголемува во согласност со инфлацијата и порастот на БДП, а се очекува и поинтензивно кредитирање на приватниот сектор во согласност со зголемената конкуренција во банкарскиот сектор, како и порастот на просечната плата во Република Македонија.

Во доменот на надворешно-трговската размена, а во корелација со интензивираната и активна политика за привлекување на СДИ, се очекува пораст на трговскиот дефицит и дефицитот на тековната сметка во периодот 2008–2010 година. Имено, согласно очекувањата, во 2008 година во Република Македонија ќе се влеат 403 милиони долари по основ на СДИ, што во однос на 2007 година ќе претставува пораст од 12%. Влегувањето во НАТО, според светските искуства на пример Естонија, Бугарија и Романија), ќе ја зголеми политичката и безбедносната стабилност и сигурност во Република Македонија, што е еден од предусловите за поголеми СДИ.

Земајќи ја во предвид увозната зависност на македонската економија, како и високата увозна компонента на СДИ (особено на фирмите како Johnson Controls), се очекува увозот во периодот 2008-2009 година да забележи повисок раст (14% во 2008 и 9% во 2009 година) што ќе придонесе за зголемување на трговскиот дефицит, процес кој е присутен речиси во сите напредни економии во транзиција кои остваруваат високи стапки на раст (на пример, Бугарија и Естонија). Се разбира, мерките кои ги превзема Владата на Република Македонија за креирање на подобра бизнис клима и зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, како и трговската политика насочена кон создавањето на услови за зголемување на извозот на стоки и зголемување на учеството на македонските производи на меѓународните пазари (оценета од страна на EBRD со највисока оценка 4+), ќе придонесе за висок пораст и на извозот (од 9% во 2008 година и 12% во 2009 година).

Паралелно со зголемувањето на трговскиот дефицит, и дефицитот на тековната сметка ќе забележи пораст и ќе изнесува околу -5% од БДП во 2008 и 2009 година, при стабилен номинален прилив по основ на приватни трансфери и намалување на дефицитот на Билансот на услугите.

График 3. Дефицит на тековна сметка на платен биланс и општ владин буџет




Извор: Народна банка и Министерство за финансии.

Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, а особено зголемената економска активност на малите и средни претпријатија, односно остварувањето на подинамични стапки на економски раст (од 6-6,5% на среден рок), ќе придонесат за пораст на вработеноста од околу 4% на годишно ниво во анализираниот период, со истовремено намалување на стапката на невработеност. Исто така, високиот економскиот раст ќе овозможи и натамошни фискални и структурни реформи во насока на подобрување на бизнис

окружувањето, подобрување на инфраструктурата, капацитетот на јавните институции и примена на бизнис-кратија наместо бирократија.

### 3. Појдовни претпоставки и цели на Макроекономската политика

Согласно Среднорочната програма за работа на Владата на Република Македонија, Макроекономската политика на Владата на Република Македонија за 2008 година се карактеризира со длабока реформска агенда во повеќе сфери на економијата, социјалата, животната средина, и воопшто целокупниот општествен живот. По значителните позитивни резултати постигнати во 2007 година, тешко е и понатаму да се задржи, па дури и подобри, реномето на една од четирите најреформски влади во светот. Оттука, глобалните цели на економската политика во 2008 година се континуитет на целите од претходната година, а реформите во рамки на овие цели се продолжение на веќе спроведените реформи, поаѓајќи од крајните цели дефинирани во владината програма за работа 2006-2010. Имено, целите на макроекономската политика се:

**А) Продолжување на дисциплинираната макроекономска политика**. Ќе продолжи активната координација на монетарната политика со останатите сегменти на Макроекономската политика, особено со фискалната, за одржување на конзистентно и предвидливо макроекономско окружување, значајно за бизнисите, како и за граѓаните.

**Б) Натамошно создавање на поволно бизнис окружување**. И покрај значителниот напредок во оваа сфера во 2007 година, како на пример олеснување на влезот на пазарот, намалување на административните и финансиските трошоци за даноци, унапредување на финансискиот систем, продолжување на реформите во судството и на пазарот на работна сила, спроведување на Регулаторната гилотина и слично, за 2008 година е планирано довршување на некои од овие реформи, како и отпочнување на нови. Поволното деловно окружување, покрај стабилниот макроекономски амбиент, е основа за отпочнување на нови бизниси, проширување на постојните, креирање на нови работни места, пораст на продуктивноста и конкурентноста - основните предуслови за побрз економски раст и повисок животен стандард.

**В) Зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард, а во таа насока намалување на сиромаштијата**. Покрај порастот на производството и инвестициите, кој индиректно ќе влијае врз порастот на вработеноста, Макроекономската политика за 2008 година предвидува понатамошни реформи на пазарот на работна сила, јакнење на социјалниот дијалог и институциите, намалување на трошоците за работна сила преку хармонизација на социјалните придонеси, како и унапредување на законодавството во делот на сигурност и заштита при работа и натамошно јакнење на активните политики.

**Г) Засилени подготовки на Република Македонија за членство во евроатланските организации**. Горенаведените три цели се всушност основни претпоставки (заедно со политичките критериуми, кои не се предмет на овој документ) за влез на Република Македонија во НАТО и Европската Унија (ЕУ). Но, и идното членство ќе овозможи одржување и унапредување на макроекономската стабилност, поволен деловен амбиент и зголемување животен стандард, односно, врската е двонасочна. Врз основа на насоките на ЕУ, искажани во Извештајот за напредокот на Република Македонија од ноември 2007 година, за исполнување на критериумите за членство во ЕУ,

Владата на Република Македонија ќе ја ревидира Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ и силно ќе го раководи и контролира остварувањето на превземените обврски од страна на секоја институција. Оттука, Владата ќе го продолжи процесот на континуирано усогласување на домашното законодавство со тоа на Унијата, зајакнување на институционалниот капацитет за имплементација на истото, воспоставување на децентрализиран систем за користење на IPA фондовите (Инструментот за претпристапна помош) и ефикасна преговарачка структура.

**4. Фискална политика**

Цврстата определба на Владата за трансформација на досегашната функција на државата, односно нејзино поставување во функција на развој на приватниот сектор, веќе ги дава очекуваните ефекти на кус рок, и уште повеќе ја стимулира реформската определба на Владата насочена кон постигнување на крајните цели, високи стапки на економски раст и подигање на животниот стандард.

Имено, потврдената практика во земјите во транзиција, на ефикасни даночни системи со транспарентни, едноставни и ниски даноци ги даде очекуваните резултати и во Република Македонија во текот на 2007 година, оправдувајќи ја определбата за натамошно намалување на даночното оптоварување во 2008 година, како еден од основните предуслови за економски напредок.

Зголемување на капиталните инвестиции и подобрување на јавната инфраструктура, инвестиции во образованието, здравството и информатичката технологија, реално афирмирање на земјата за привлекување на странските и домашните инвеститори, потранспарентно и поодговорно работење на државните институции, подготвеноста на јавните институции за спроведување на реформите, како и засилената борба против корупцијата ги претставуваат приоритетните реформски политики и активности на Владата на Република Македонија за 2008 година, кои ќе го зголемат растот и животниот стандард, и ќе ја забрзаат интеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ.

Во рамки на Макроекономската политика за 2008 година, фискалната политика е во функција на остварување на подинамичен економски развој, заснован на продуктивна јавна потрошувачка и зголемени капитални инвестиции.

**Вкупните приходи на Буџетот на РМ за 2008 година** се планирани на ниво од **128.740 милиони денари**, во кои даночните приходи и придонесите учествуваат со 107.287 милиони денари односно 83,3%.

Од планираното ниво на даночни приходи и придонеси, Централниот Буџет се очекува да оствари **даночни приходи во износ од 73.372 милиони денари** (пораст од 9,5% во однос на последниот ребаланс за 2007 година), додека социјалните буџетските фондови се очекува да реализираат придонеси и акцизи во износ од 33.915 милиони денари.

Даночната политика во 2008 година, ќе биде насочена кон хармонизирање на даночниот систем со современите даночни системи во сферата на даночната легислатива, подобрување на деловниот амбиент заради привлекување на странски инвестиции и зголемување на вработеноста, ефикасно утврдување и наплата на даночните приходи, натамошно олеснување на даночните процедури, како и борба против даночните измами. Притоа, од 1-ви јануари 2008 година ќе започне примената на пропишаната намалена даночна стапка, односно рамен данок од 12% на 10%, кај данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Согласно Законот за данок на добивка, од 1-ви јануари 2008 година предвидено е да отпочне и оданочувањето на каматите на орочените штедни влогови, а исто така, во насока на хармонизација со директивите на ЕУ, се предвидува и редуцирање на видовите приходи кои потпаѓаат во групата на приходи кои се оданочуваат со данокот по задршка. Во приходи кои треба да се редуцираат спаѓаат приходите од забавни или спортски активности, приходите од наем на подвижни и недвижни добра, приходите во форма на награди добиени во Република Македонија, како и приходите од технички, административни и други услуги.

Заради водење на поефикасна постапка за задолжување со данок во сите случаи на непријавени приходи, кај Законот за персонален данок на доход се предлага скратување на пропишаната постапка, односно доколу Управата за јавни приходи утврди постоење на имот или средства поголеми од оданочените, без одлагање, ќе донесе решение за задолжување со данок според пропишаната стапка (70%).

Согласно Стенд-бај аранжманот склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Меѓународниот монетарен фонд, во рамките на даночните реформи, предвидено е од април 2008 година да започне интегрираната наплата на социјалните придонеси, додека пак до јули 2008 година хармонизација на минималните основици за плаќање на социјалните придонеси. Исто така, согласно Аранжманот, предвидено е да се изготви Стратегија за усогласување на основиците на кои ќе се пресметуваат социјалните придонеси и персоналниот данок на доход. Целта на реформите во делот на системот на социјални придонеси и персоналниот данок на доход е намалување на трошоците за работна сила и стимулирање на креирањето на работни места, борба против неформалната економија и зголемена наплата на приходи, и административно олеснување на даночното оптоварување на фирмите.

Во областа на индиректното оданочување, кај Законот за акцизите предвидено е укинување на извозните бандероли на цигарите, со што ќе се поттикне извозот на овие производи и ќе се олеснат извозните процедури. Покрај постојното ослободување од ДДВ и царина, се предвидува и ослободување од акциза на донираните патнички автомобили.

Во 2008 година се планира да се изготви нов Закон за игрите на среќа и забавните игри, со кој ќе се овозможи надминување на досегашните проблеми при примената на постојниот Закон, ќе се уредат и појаснат одделни состојби во реализирањето и примената, а некои одредби ќе се усогласат и со европското законодавство.

Во насока на реформирање на Управата за јавни приходи, како даночен орган кој се стреми кон подигање на степенот на професионализам и ефикасност во работењето и насочување кон изградба на дисциплиниран и модерен даночен орган, во Законот за Управата за јавни приходи се изврши конкретизирање на статусот на вработените, во зависност од надлежностите, специфичноста на правата, обврските и одговорностите кои истите ги имаат. Ефектите од ваквото дефинирање на статусот на вработените, во смисла на поголема организираност, мотивираност и продуктивност се очекуваат во текот на 2008 година.

Вршењето на определени овластувања од страна на Управата за јавни приходи, предвидени согласно Законот за даночни постапки, треба да придонесе за поефикасно извршување на законите, што е во насока на исполнување на барањата за членство во ЕУ. Таквите овластувања

предвидуваат иземање на постапката по приговор и обезбедување на двостепеност во одлучувањето по правото на жалба на даночните обврзници.

Во 2008 година ќе продолжат и реформите во делот на Царинската Управа. Планирана е модернизација и јакнење на техничката основа и институционалниот капацитет на Царинската управа, со помош на ангажирање на меѓународно призната и искусна консултантска куќа во областа на царинскoто работење. Министерството за финансии во согласност со правната постапка за набавки, покани странска консултантската куќа на преговори, за изготвување на Програма за детална експертиза и ресурси со соодветна стручност, како поддршка на Царинската управа во остварување на целите.

Како резултат на воведувањето на софистицираната опрема за рентгенско скенирање на граничните премини, како и поради зголемената соработка помеѓу Царинската Управа и Управата за јавни приходи во откривањето на нелегалниот увоз и даночната евазија, во 2008 година, се очекува значително зголемување на ефикасноста во наплатата на даночните и царински приходи.

Проекцијата на приходите кај социјалните фондови за 2008 година се утврдени имајќи ги во предвид остварените движења во 2007 година, проектираните макроекономски индикатори за 2008 година, продолжување на процесот на хармонизација на основиците за наплата на социјалните придонеси, ефектите од намалувањето на стапката на персоналниот данок и зголемената даночна дисциплина и контрола. Врз овие основи, планирано е да се наплатат 22,500 милиони денари по основ на пензиско инвалидско осигурување, 9,234 милиони денари од здравствено осигурување и 1,457 милиони денари од осигурување по основ на невработеност.

**Неданочните приходи** на Буџетот на РМ се планирани на ниво од 18.542 милиони денари во кои најзначајно е учеството на приходите кои буџетските корисници треба да ги реализираат на сопствените сметки по основ на самофинансирачки активности, кредити и донации. Во неданочните приходи се вклучени и приходите кои треба да ги оствари Фондот за патишта од патарини и регистрација на возила (1.803 милиони денари) и дивиденди од АД Македонски телекомуникации за 2006 и 2007 година (2.600 милиони денари).

Во вкупните приходи за 2008 година планирани се и две донации од Холандија за платно билансна поддршка во вкупен износ од 629 милиони денари, како придружни грантови на PDPL кредитите од Светска Банка. Буџетските корисници во текот на 2008 година е планирано да остварат донации по основ на билатерални договори во износ од 1.365 милиони денари за финасирање на одделни проекти и активности.

**Проектираниот дефицит** на Буџетот на РМ за 2008 година изнесува **1,5% од БДП, односно 5.540 милиони денари**. Ова ниво на дефицит е резултат на планираниот дефицит на основниот Буџет во износ од 2.845 милиони денари (0,8%), дефицитите на Фондот за патишта во износ од 1.292 милиони денари и Фондот за ПИОМ во износ од 50 милиони денари (0,3%) и дефицитот по основ на задолжувања на буџетските корисници за пооделни проекти во износ од 1.353 милиони денари (0,4%).

Согласно планираното ниво на вкупни приходи и договорениот дефицит од 1,5% од БДП, **вкупните расходи на Буџетот на РМ за 2008 година** се утврдени во износ од **134.280 милиони денари**. Во структурата на вкупните расходи, сеуште во значителен износ доминираат тековните расходи со 84%, додека капиталните расходи учествуваат со 16%. Во рамки на **тековните расходи** кои се планирани на ниво од **112.931 милиони денари**, дури 47% (53.057 милиони денари) се однесуваат на законските обврски за исплата на

пензии, социјални надоместоци, надоместоци за невработени и услугите за здравствена заштита.

За исплата на пензии по сите основи (редовни, земјоделски, воени, реформа на јавна администрација, ретроактивна исплата на корисници на пензија кои биле вработени во органите за внатрешни работи) се обезбедени 28.488 милиони денари. Со овие средства ќе бидат исплаќани пензии на околу 279.000 пензионери. За исплата на паричен надоместок по основ на невработеност преку Агенцијата за вработување се обезбедени 1.576 милиони денари. Со обезбедените средства во 2008 година ќе се исплаќа паричен надоместок на околу 24.500 невработени лица, согласно законските прописи.

За Финансирање на здравствените услуги и за исплата на надоместоци по основ на боледувања се обезбедени 16,264 милиони денари. Во здравствениот сектор се очекува да продолжат реформските процеси во насока на економично и ефикасно користење на средствата на корисниците, како и обезбедување на поквалитетни здравствени услуги.

За исплата на плати на вработените на централната власт планирани се 24.431 милиони денари, односно 21,6% од тековните расходи, во ова ниво на планирани средства вклучени се и ефектите од планираното зголемување на плати од 01.10.2008 година, доекипирање на органите на централна власт согласно NPAA програмата, а не се вклучени платите на вработените во образованието, културата, детската и социјална заштита во општините кои преминаа во втората фаза од децентреализација.

Во вкупното планирано ниво на расходи, покрај планираните законски обврски, планирани се и средства за поддршка на приоритетите и реформските активности во следните области:

-субвенции во земјоделието и руралниот развој во износ од околу 2.700 милиони денари;

-активности за привлекување на странски инвестиции, унапредување на деловните активности, информатички развој, поддршка на мали и средни претпријатија;

-реформи во полицијата во износ од околу 800 милиони денари;

-реформи во Царинската Управа;

-инвестиции во слободни економски зони;

-купување на амбасади;

-капитални инвестиции преку Министерството за транспорт и врски (мостови, свлечилишта, водоснабдителни и канализациони системи, трансфери за железничка инфраструктура);

-капитални инвестиции во областа на културата (Стар театар, Тврдина Кале, музеј на вода Охрид, универзитет Плаошник, Тетовско Кале, локалитет Скупи и Стоби, 60 томско издание, преводи на дела од нобеловци, Библиотека во Тетово, театар во Велес, монументална фонтана на плоштад, реставрација на куќата на Мајка Тереза и Музеј на ВМРО и жртви на комунизмот);

-инвестиции во образованието (набавка на компјутери, реконструкција на санитарни јазли, набавка на клупи, изградба на спортски сали, интерактивни лекции и е-учење);

-изградба на спортски сали и игралишта преку Агенција за млади и спорт;

-инвестиции во здравството за набавка на медицинска опрема и реконструкција на клиники и болници;

-реконструкција на казнено поправни установи;

-за рамномерен и регионален развој и изведба на инфраструктурни проекти во неразвиените подрачја;

-инвестиции во патна инфраструктура преку Фонд за патишта близу 4.600 милиони денари.

**За финансирање расходите** и навремено сервисирање на обврските по главнина од домашно и странско задолжување во износ од околу 7.000 милиони денари, планирани се приливи во Буџетот на РМ во износ од околу 12.523 милиони денари и тоа од: странско задолжување во износ од 5.000 милиони денари, 4.000 милиони денари по основ на ново нето домашно задолжување и повлекување на депозитите на Буџетот во НБРМ во износ од околу 3.500 милиони денари.

### *4.1. Инвестиции во јавниот сектор*

Во 2008 година во *јавниот сектор***,** врз приоритетни основи, ќе се изврши операционализација на Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија. Инвестирањето на јавниот сектор ќе се остварува со средства на инвеститорите, средства од Буџетот на државата, фондовите, неповратна помош од странски донатори, како и со користење на странски кредити.

Ќе продолжи користењето на институциите “концесија” и “јавно приватно партнерство” во областите од јавниот сектор, кои го привлекуваат интересот на инвеститорите од земјата и од странство.

Во *патната мрежа* ќе продолжи изградбата на автопатското решение на обиколката на градот Скопје (како спој на коридорите VIII и X), со чија реализација значајно ќе се олесни сообраќајот во градот Скопје. Истовремено, со средства од НАТО и Фондот за магистрални и регионални патишта, ќе продолжи реконструкцијата на оштетените мостови на магистралните и регионалните патишта. Во 2008 година ќе продолжат активностите сврзани со изградбата на автопатско решение на делницата Демир Капија - Удово – Смоквица.

Во *енергетиката* инвестиционите активности ќе бидат насочени, пред се, кон: продолжување со изградбата на 400 КВ далекувод Штип - Чрвена Могила (Република Бугарија) и изградба на ТЦ 400/110 КВ во Штип, со што ќе се зголеми стабилноста, ефикасноста и безбедноста на електроенергетскиот систем и ќе се придонесе за поефикасна размена на електрична енергија и основање на регионалниот слободен пазар на електрична енергија; затворање на финансиската конструкција за изградба на 400 КВ далекувод Штип – Ниш (Република Србија); отворање на површинскиот коп Брод – Гнеотино и површински коп Подинска јагленова серија во рудникот Суводол, со што ќе се обезбеди јаглен за непречена работа на производство во ТЕЦ “Битола” за наредните 20 години; отпочнување на активностите за изградба на когенеративна гасна топлана – електрана во Скопје; и продолжување со изградбата на ХЕЦ “Света Петка”. Исто така, ќе продолжат активности сврзани со реализација на 60 мали хидроцентрали, ХЕЦ “Чебрен”, ХЕЦ “Галиште” и ХЕЦ “Бошков мост”, по моделот на концесија.

Со кредит од Светска банка ќе се обезбеди: потребната техничка помош за завршување на финалната фаза од реструктуирањето на железниците, преку одредување на надоместок што треба да го плаќа железничкиот превозник на управителот на инфраструктурата, како и компензација на трошоците во патниот сообраќај; подготовка за приватизација на МЖ – Транспорт А.Д; и набавка и инсталирање на опрема за потребите на двете новоформирани компании. Во 2008 година, од Буџетот на Република Македонија ќе се обезбедат средства за капитални инвестиции и одржување на железничката инфраструктура од коридорот X.

Еден од приоритетите во 2008 година ќе биде и поддршка на реализацијата на проектите за *водоснабдување* и пречистување на отпадните води во населените места во Република Македонија. За таа цел, во 2008 година со неповратни финансиски средства од Владата на СР Германија и Буџетот на државата, ќе продолжи реализацијата на проектот “Реконструкција на водоводната и канализациската мрежа во Прилеп”. Исто така, ќе се продолжи со физичка реализација на првата фаза на проектот за водоснабдување ХС “Злетовица”, изградба на брана со придружни објекти и главни доводи за водоснабдување, финансиран со поволен заем од Владата на Јапонија и Буџетот на државата.

Во секторот за *наводнување* со средства од Буџетот на државата, ќе отпочнат активностите за проектот “Наводнување на јужниот регион на реката Вардар – фаза 2”, кој ќе биде финансиран и со заем од Владата на СР Германија. Исто така, со средства од Буџетот на Република Македонија ќе отпочнат активностите за реализација на втора фаза на ХС „Лисиче„ - Велес, за изградба за систем за наводнување на левиот и десниот брег на реката Вардар, како и изградба на крак за дотур на вода во езерото „Младост”. Во рамки на планираниот Проект за поддршка на земјоделството, кој би се финансирал со средства од Светска банка, се предвидува компонента за делот водостопанство/наводнување, со што би се заокружил процесот на реформи во водостопанството, преку реструктуирање на преостанатите водостопански претпријатија на територијата на Република Македонија, и формирање на нови водостопанства и водни заедници.

Со финансиска поддршка од Светската банка, странски донации и Државниот буџет ќе продолжи реализацијата на проектот “Модернизација на образованието”, проектот “Развој на здравствениот сектор” (набавка на медицинска биотехнологија) и проектот “Имплементација на социјалната заштита”.

### *4.2. Управување со јавниот долг*

Според проекциите за 2008 година, вкупниот јавен долг и понатаму ќе се намалува во однос на БДП, и се предвидува да биде 28,8%. Долгот на Општата влада се очекува да се намали за еден процентен поен во 2008 година и да изнесува 25,3%. Исто така, како резултат на редовното достасување на структурните обврзници, во 2008 година ќе се намали учеството на внатрешниот долг од 30% на ниво од 27,8% во однос на вкупниот јавен долг.

Од аспект на каматната структура се очекуваат промени во учеството на долгот со фиксна каматна стапка. Имено, достасувањето на долгот со фиксни каматни стапки и се поголемото задолжување со кредити од Светска банка, кои се со варијабилни каматни стапки, како и зголемувањето на нето емисиите на краткорочните државни записи, придонесува во 2008 година, учеството на долгот со фиксна каматна стапка да се намали за 4,7 процентни поени и да изнесува 60,9%.

Позитивни промени се очекува да има во валутната структура на јавниот долг, што е во функција на исполнување на целите на Стратегијата за управување со јавен долг, а во насока на зголемување на делот на јавниот долг во домашна валута и долгот изразен во евра. Така, како резултат на извршените предвремени откупи и зголемените емисии на државни хартии од вредност, долгот во денари во декември 2007 година споредено со декември 2008 година ќе се зголеми за 3,6 процентни поени и ќе изнесува 9,6% од вкупниот јавен

долг. Истовремено за сметка на тоа ќе дојде до намалување на јавниот долг во САД долари за 0,4 процентни поени и ќе изнесува 4,1%.

Основна цел во управувањето со јавниот долг во 2008 година, ќе биде натамошниот развој на примарниот и секундарниот домашен пазар на државни хартии од вредност. Имено, континуираното издавање на државните хартии од вредност ќе продолжи и во 2008 година. Интенција е да се задржи постојната рочна застапеност како и во изминатиот период, и да се зголемува состојбата на подолгорочните државни хартии од вредност. Нето емисијата во текот на 2008 се планира да изнесува 4 милијарди денари, односно состојбата на емитувани државни хартии од вредност на крај на 2008 да изнесува 8,96 милијарди денари.

Една од целите за 2008 година е зголемување на учеството на пазарниот долг, што би значело зголемување на емисиите на државни хартии од вредност, како и евентуален нов настап на меѓународниот пазар на капитал. Присуството на Република Македонија и на овие пазари на капитал има за цел, минимизирање на систематскиот ризик, односно, ризикот кој се однесува на појави и процеси кои влијаат на една економија.

Врз основа на анализите на однесувањето на банките на аукциите во 2007 година, Министерството за финансии во 2008 година планира да воведе примарни дилери, односно ќе селектира ограничен број на банки што ќе имаат ексклузивно право да купуваат на аукциите на примарниот пазар на државни хартии од вредност, како и ригорозни обврски за пласман, за котација на секундарниот пазар, и сл. Примарните дилери ќе придонесат за зголемување на конкурентноста меѓу банките и ќе овозможат поефикасно спроведување на примарната емисија на државни хартии од вредност. Истовремено, оваа новина ќе го поттикне развојот на секундарниот пазар, односно ќе овозможи понатамошната промоција на Пазарот преку шалтер, како поддршка на примарниот пазар. За оваа цел, Министерството за финансии континуирано врши мониторинг на банките, и утврди критериуми врз основа на кои ќе ја изврши оваа селекција.

За поефикасно управување со јавниот долг, во согласност со Законот за јавен долг, Владата на Република Македонија ќе формира единствен регистар на јавен долг. За таа цел, Министерството за финансии ќе набави на софтвер во кој ќе бидат интегрирани сите податоци за вкупниот јавен долг. Имплементацијата на овој софтвер ќе биде во текот на 2008 година и ваквата база на податоци ќе претставува солидна основа за генерирање на поквалитетни извештаи и анализи за јавниот долг, поцелосно следење на движењата и состојбата на јавниот долг во рамки на лимитите утврдени со Стратегијата, како и поцелосна контрола на задолжување на јавните претпријатија и општините и ефикасно управување со ризиците.

## 5. Монетарна политика

Одржувањето на ценовната стабилност, како најповолен амбиент за динамизирање на економската активност, и во 2008 година претставува примарна цел на монетарната политика. Номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото и понатаму ќе се користи како номинално сидро за одржување на стабилни инфлациски очекувања, а со тоа и успешно одржување на ниски и стабилни цени. Проектираната просечна стапка на инфлација во 2008 година изнесува 3%. Воедно, поставеноста на монетарната политика ќе продолжи да базира на активна координација со останатите сегменти на Макроекономската политика, особено со фискалната политика, придонесувајќи за одржување на конзистентна и предвидлива макроекономска рамка.

Проекцијата на монетарните и на кредитните агрегати за 2008 година базира на проекциите на клучните индикатори од реалниот сектор на економијата - БДП и инфлација, на очекувањата за поставеноста на фискалната политика, како и на предвидените движења во екстерниот сектор. Проектираниот пораст на примарните пари во 2008 година, изнесува 17,4%. Од аспект на компонентите на примарните пари, во 2008 година, се очекува забавување на динамиката на раст на побарувачката на готови пари (проектиран годишен пораст од 6,8%), во согласност со очекувањата за натамошен развој на безготовинскиот платен промет, поддржано од активната политика на банките во доменот на промоција и развој на нови и конкурентни инструменти за безготовинско плаќање. Врз основа на очекувањата за понатамошно проширување на депозитната база на банките (како основа за пресметка на задолжителна резерва), се очекува пораст на салдото на денарските сметки на банките кај Народната банка на Република Македонија и готовината во благајна од 27,8% на годишна основа.

Во 2008 година, се очекува да продолжи трендот на финансиско продлабочување, при понатамошен раст на степенот на монетизација на економијата. Така, најшироката парична маса се очекува да расте со годишна стапка на раст од 27,6%, во услови на економски раст и, согласно тоа, зголемен расположиви доход на економските субјекти, очекувани приливи на средства врз основа на приватни трансфери и при константна наклонетост кон штедење. Притоа, денарските и девизните депозити на приватниот сектор се очекува да остварат годишен пораст од 40,2% и 17,5%, соодветно. Порастот на примарните извори на средства на банките, како и претпоставките за активно користење на девизните средства од страна на банките и нивно екстерно задолжување со цел кредитирање на домашната економија, се очекува да генерираат годишна стапка на раст на вкупните кредити одобрени на приватниот сектор од 37,2%. Порастот на кредитната активност, секако ќе има позитивно влијае врз економскиот раст, поттикнувајќи го производството и инвестициите, како и личната потрошувачка на домаќинствата.

## 6. Структурни реформи во 2008 година

Владата на Република Македонија во 2008 година, ќе ги забрза започнатите реформи во повеќе сектори на економијата, во насока на подобрување на климата за инвестирање и бизнис окружувањето, заради натамошно забрзување на економскиот развој и доближување до ЕУ. Главен акцент на реформите ќе биде даден на активностите насочени кон подобрување на инвестициската и деловната клима, висока либерализација и флексибилност на пазарот на труд, значително подобрување на судскиот систем, реформи во здравствениот сектор, реформи во финансискиот сектор.

Порастот на економијата во 2008 година во најголем дел се должи на позитивните перформанси во индустријата поради нејзиното високо учество во додадената вредност, и релативно високите стапки на раст проектирани во секторите сообраќај и врски, трговија, туризам, градежништво и земјоделство.

### *Индустрија*

Динамизирањето на производството во преработувачката индустрија и енергетскиот сектор, задржувањето на позитивните трендови на раст на побарувачката и цените на металите на светскиот пазар и оствареniот пораст на инвестициите во опрема, се основата врз која се проектира раст на индустриското производство во 2008 година од 6,1% на годишно ниво.

За остварување на оваа цел, во 2008 година, ќе се развива проактивна индустриска политика, како рамка на конзистентни политики и мерки со кои ќе се влијае врз зголемување на конкурентноста на индустријата и остварување на подинамичен раст на овој сектор, чие учество во БДП во првата половина од 2007 година изнесува 22,8%.

Во 2008 година, за прв пат, ќе се изготви Стратегија за индустриска политика и ќе се пристапи кон нејзина имплементација. Составен дел на Стратегијата ќе бидат неколку значајни студии и анализи, како на пример Benchmarking студија (студија со таргети) за индустриска политика, систем за мерење и евалуација на конкурентноста на македонската економија, студија за мерење на индикатори за конкурентност на македонската индустрија, а ќе бидат утврдени и мерки за зголемување на капацитетите на администрацијата за развивање и имплементација на мерки на индустриска политика.

Со индустриската политика во 2008 година, ќе се преземаат активности за создавање стабилна, лесно достапна и целосно предвидлива институционална инфраструктура, соодветна комбинација на елементи на економскиот систем и мерки на тековната и развојната политика.

Во овој контекст, тековната индустриската политика ќе се состои и од мерки содржани во други политики (инвестициска политика, политика на мали и средни претпријатија, извозна промоција, промоција на претприемништво, развој на иноваторство), имплементација на национални стратешки документи, програми и акциски планови кои имаат хоризонтален пристап, создавајќи услови за еднаква пазарна конкуренција и дефинирајќи мерки, инструменти и програми на политиките чија цел е зголемување на конкурентноста на македонската економија.

Со активности кои ја потврдуваат хоризонталната димензија на индустриската политика во 2008 година ќе се развиваат: (а) промотивни програми (извозна промоција, промоција на странски директни инвестиции и поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, (б) поттикнувачки програми (унапредување на производните фактори, изградба на информатичко општество и развој на информатичка и комуникациска технологија, поттикнување на научно истражувачката работа (R&D) и (в) унапредување на корпоративните стратегии, корпоративното управување и иновации.

Во 2008 година, согласно динамиката на активности, ќе бидат остварувани националните стратешки документи: Национална програма за преструктуирање и конверзија на челичната индустрија (обврска од Протоколот-2 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација) и Стратегијата за реструктуирање на текстилната индустрија.

Во насока на зголемување на меѓународната и глобалната конкурентност на македонските компании, со поддршка на технолошки трансфер, технолошка модернизација, истражување и развој, иновации, современа организација, ќе се спроведуваат активности за создавање на услови за поефикасно и полесно добивање информации и настапување на домашните компании на нови странски пазари. Ова ќе се врши со олеснување и организирање на пристапот до информации за нови пазари, преку користење на информатичко комуникациски технологии, заеднички проекти за извоз и пораст на свеста за интернационални можности.

Во 2008 година ќе се развива проактивна политика на поддршка на развојот на кластерите, како една од најуспешните европски модели за брз развој на секторите и зголемување на нивата конкурентност. Во таа насока, ќе се поддржат иницијативите за формирање на кластер за автомобилска индустрија и други кластери, за кои компаниите ќе покажат интерес, како и унапредување

на работата на постојните кластери за текстил, вино, информациска технологија, туризам, кластерот за млеко и сирење, за зеленчук и овошје - здрава храна, за земјоделска механизација и алати и кластерот за дрвна индустрија.

Поддршката на развојот на кластерското организирање на корпоративниот сектор во 2008 година ќе се реализира преку активности за интернационализација на домашните кластери, со вклучување во мрежата на европски кластери, учество на Европската кластер-конференција во јануари 2008 година, влез во PRO INNO Europe web страницата и потенцијално организирање на Интернационална конференција на кластери во Република Македонија кон крајот на 2008 година.

Во 2008 година ќе започнат активностите за имплементација на Стратегијата за реструктуирање на текстилната индустрија, како основа за зголемување на конкурентноста на текстилната индустрија за настап на европскиот и светскиот пазар и прилагодување со ЕУ-законодавството, а ќе продолжи реализацијата на Националната програма за реструктуирање на челичната индустрија.

Искористувањето на минералните суровини во 2008 година ќе се темели врз имплементација на новата законска регулатива донесена во 2007 година, со воведување на планирање при експлоатацијата на минерални суровини, со зголемување на дозволите за експлоатација на минерални суровини и зголемен прилив на средства од наплата на концесискиот надомест.

Во 2008 година ќе се ажурира Геолошко-информацискиот систем со внесување во базата на податоци на резултатите од основните геолошки истражувања, ќе продолжат активностите за средување и унифицирање на геолошката документација и ќе се пристапи кон оформување на Катастар на истражени и експлоатациски концесиски простори.

***Енергетика***

Во 2008 година ќе се интензивира процесот на преструктуирање на енергетскиот сектор и спроведување на структурни реформи во правец на остварување на основните цели во оваа област: конкурентност, сигурност на снабдување со енергија, заштита на животната средина и енергетската ефикасност.

Приоритетите за развој на енергетиката, ќе се остваруваат преку привлекување на странски инвестиции во изградбата на нови енергетски објекти, либерализација на домашниот пазар на електрична енергија и природен гас, мерки за поголема енергетската ефикасност и поголемо искористување на обновливите извори на енергија.

Реформата на енергетскиот сектор, врз економски принципи за ефикасност во работењето, ќе се остварува преку активностите за либерализација на пазарот на електрична енергија и природен гас, со создавање на услови за формирање на отворени пазари на електрична енергија и природен гас и нивно вклучување во внатрешниот пазар на енергија на ЕУ.

Во 2008 година ќе се преземаат мерки за рационално искористување на сите видови енергија, зголемување на енергетската ефикасност, зголемено учество на обновливи енергетски извори во енергетските биланси, посебно во делот на производството на електрична енергија, и создавање услови за одржлив енергетски развој, зголемување на производството и подобрување на условите за стопанисување во областа на електроенергетскиот сектор, природниот гас, фосилните горива, топлинската енергија и обновливи извори на енергија.

За остварување на приоритетите на развој на енергетскиот сектор планирана е подготовка на Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија, изготвување на Базна студија за искористување на обновливи извори на енергија, промовирање на Република Македонија како атрактивно место за инвестирање во енергетиката, изработка и донесување на подзаконски акти, и реализација на Проектот за социјална заштита против енергетската сиромаштија (во соработка со ЕБОР). Ќе започне и имплементација на Договорот за Енергетската Заедница на ЈИЕ, чиј потписник е и Република Македонија, во делот со кој се овозможува потрошувачите на електрична енергија, освен домаќинствата, да можат потребите од електрична енергија да ги обезбедуваат на пазарот на електрична енергија по сопствен избор.

***Земјоделство***

Во 2008 година се очекува пораст на земјоделството од 5,2%. Развојот на овој сектор ќе биде во согласност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (НСЗРР) 2007-2013 година, во која е дефинирана основата, насоките и мерките на политика за земјоделство и рурален развој, како и институционалниот развој, и ги обединува националните приоритети во рамки на сеопфатната агенда за интеграција во ЕУ.

Основната стратешка цел за земјоделски и рурален развој е зајакнување на способноста на земјоделството да биде конкурентно на интегрираните регионални пазари на Европската Унија и Југоисточна Европа, преку мерки за зголемување на ефикасноста на земјоделското производство, преработка и маркетинг; воспоставување на ефективни јавни и приватни институции; подобрување на приходите од фарма; осигурување на потрошувачите за пристап до безбедна, здрава храна; оптимална употреба на земјиштето, шумите и водата; и создавање на рурални општини способни за опстанок преку одржлив рурален развој.

Согласно Националната стратегија, буџетските средства за поддршка во земјоделството и руралниот развој, во 2008 година, значително ќе се зголемат и тоа преку:
- Програми за поддршка во земјоделството
- Програма за тутун
- Програма за рурален развој
- Програма за органско земјоделско производство
- Програма за ревитализација на селата (системи за водоснабдување).

Во однос на користењето на ЕУ фондовите од 5-тата компонента на IPA, IPARD, преземени се конкретни чекори во однос на изготвување на IPARD планот и вопоставување на Агенцијата, преку која ќе се реализира исплатата на овие средства. Имено, врз основа на четирите потсекторски студии за приоритетните сектори (вино и грозје, овошје и зеленчук, млеко и млечни производи и секторот за преработка на месо) изготвен е IPARD планот кој, во 2007 година, е доставен до Европската Комисија за коментар и конечно усвојување. Мерките во IPARD планот се фокусираат на подобрување на конкурентноста на комерцијалните фарми и преработувачката прехранбена индустрија во одделните потсектори преку инвестициски политики за подобрување на технолошката и пазарната инфраструктура. Целта е создавање на зголемена додадена вредност во земјоделството и придржување кон стандардите на ЕУ за квалитет, здравје, безбедност на храна, добросостојба на животните и животна средина.

Мерките кои треба да се имплементираат под *приоритетна оска 1* се: инвестиции во земјоделски имоти за реструктуирање и надградување до стандардите на ЕУ, инвестиции во преработување и маркетинг на земјоделски производи и производи од риба за рестуктуирање и надградување до стандардите на ЕУ.

Согласно усвоениот Закон за Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделскиот сектор и рурален развој, во 2008 година во континуитет ќе се вработува и обучува кадар. Се очекува акредитација на Агенцијата од Европската Комисија во втората половина на 2008 година.

Институционалниот капацитет во Секторот за рурален развој се подобрува и, во 2008 година, се очекува Секторот да биде акредитиран од Европската Комисија, како Управувачко тело за рурален развој одговорно за дефинирање на руралната политика, која пак ќе се спроведува преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделскиот сектор и рурален развој.

Во 2008 година ќе се воспостави Земјоделскиот информативен систем. Во негова функција е и реализираниот попис во земјоделството, кој ќе обезбеди детални статистички податоци, обработени по методологијата и статистичките стандарди на ЕУ.

По добивањето на резултатите од Пописот во земјоделството, следниот предвиден чекор е воспоставување на Регистар на фарми и интеграција на различни регистри/бази на податоци во Регистарот, кои се дел од Земјоделскиот информативен систем.

***Сообраќај и комуникации***

Проектираниот пораст на сообраќајот и комуникациите во 2008 година изнесува 11,0%, а се базира на предвидениот пораст во индустријата, имајќи ја предвид докажаната врска помеѓу индустријата и сообраќајот, и очекуваниот натамошен раст во делот на телекомуникацискиот сектор, кој со зголемената конкуренција и либерализација, ќе воспостави квалитетно, сигурно и навремено доставување на дигитални содржини и Е - услуги.

Во *патната мрежа,* со заем од Европската инвестициска банка, Европската банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта, ќе продолжи изградбата на автопатното решение на обиколката на градот Скопје (како спој на коридорите VIII и X), со чија реализација значајно ќе се олесни сообраќајот во градот Скопје.

Реализацијата на Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа, TTFSE 2, со средства во вид на заем од Светска банка ќе биде насочен кон:

- отстранување на преостанатите физички и функционални тесни грла на патната инфраструктура на коридорот X

- поддршка на развојот на модерен систем за наплата на патарините во согласност со стандардите на ЕУ;

- отпочнување на активности околу надградување на објектите на граничниот премин Блаце на границата со Косово, и подобрување на граничните премини за железнички сообраќај на коридорот X (дел Ниш – Скопје - Солун).

Договорени се конкретните чекори помеѓу македонските и грчките власти за делницата Демир Капија - Смоквица. Во врска со искористување на средствата од Грчкиот план за обнова на Балканот, изготвен е Акциски план за активности и се очекува објава на тендер во првиот квартал на 2008 година. Во тек е

пополнување на апликација за Проектот врз основа на најновите ревидирани податоци од Egnatia Odos (проектна компанија). За искористување на IPA фондовите, изработена е Оперативната програма за компонентата регионален развој.

За изградбата на делницата Табановце-Куманово потпишан е договорот со Светска Банка за заем и завршена е првата фаза за избор на надзор на работите на делницата и во тек е процедура за објава на тендер за изведување на градежни работи.

Република Македонија, преку својот Национален координатор, достави ажурирани податоци до секретаријатот на SEETO за потребите на новиот Повеќегодишен план 2008-2012. Поради потребите за промени и проширување на главната регионална транспортна мрежа, претстои модификација на истата со вметнување на нови транспортни рути.

Подготовката на Студијата за преструктуирање на патниот сектор ќе заврши во 2008 година, која ќе опфати реструктуирање на јавните институции од областа, реструктуирање на патниот сектор, институционални реформи во согласност со стандардите на ЕУ и подобрување на инвестициската клима. Изготвен е Нацрт - Закон за јавни патишта и во подготовка е предлог за преструктуирање на ЈП Македонија пат и Фондот за магистрални и регионални патишта, формирање на нова Агенција за патишта, како и предлог активности за воспоставување на нов систем на патарини.

Во *железничкиот сообракај,* во 2008 година ќе продолжи да се реализира втората фаза од реформите во железницата. Имено, до крајот на 2007 година ќе се изработи Студија за персоналот и намалување на трошоците, Студија за јавна патничка услуга и Студија за наплата за пристап на траса. До првата половина од 2008 година потребно е да се воспостави системот за наплата на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, што треба да го наплаќа ЈП Македонски железници, Инфраструктура од Македонски Железници А.Д. Транспорт.

Во Буџетот на Република Македонија за 2008 година се предвидуваат средства, кои ќе бидат наменети за компензација за трошоците кои ги прави патничкиот сообраќај, со цел превозот на патници по железница да стане атрактивен. За таа цел, во рамки на работењето на Македонски Железници А.Д. Транспорт, потребно е да се изврши сметководствено одделување на патничкиот од товарниот превоз, а начинот на реализацијата на средствата ќе се одвива согласно Законот за железниците.

Во текот на 2008 година ќе се изработи Студија за приватизација на компанијата Македонски Железници А.Д. Транспорт, со цел продлабочена анализа на правната, регулаторна, финансиска и техничка состојба за приватизирање на услугите во товарниот сообраќај, развивање на соодветни финансиски модели за проценка на профитабилноста на Компанијата со различни сценарија за конкурентност и сообраќајни нивоа, проценка на приватниот сектор за транспортните операции и развивање на стратегија за приватизација на Македонски Железници А.Д. Транспорт, вклучувајќи и динамика.

Согласно предвидената динамика, се планира склучување договор со избраниот консултант за изработка на Студијата по веќе спроведената постапка согласно правилата на Светска Банка (прва фаза-предквалификација е веќе завршена), а консултантот (до прв квартал на 2009 година) да ја заврши својата задача, односно да се склучи договор со избрана Транспортна Компанија, согласно моделот за приватизација.

Со цел да се подобри состојбата на Коридорот X, треба да се усвои Националната програма за железничка инфраструктура за период 2008-2012 година, каде што секоја година се предвидуваат средства во Буџетот за одржување и инвестиции во железничката инфраструктура.

Во тек е подготовката на Законот за основање на Агенција за регулирање на железничкиот пазар, која ќе користи буџетски средства за финансирање на нејзината работа во 2008 година.

*Во воздушниот сообракај,* ќе се спроведат значителни реформи заради зголемена интеграција на земјата во глобалната економија. Примарна референтна рамка која ги дефинира националните стратешки цели во областа на воздухопловството и програмите за нивна реализација, претставува Националната стратегија за развој на воздухопловството. Приоритетите се засновани врз политиките и упатствата на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) и Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област, како дел од процесот на пристапување на Република Македонија кон ЕУ. Стратегијата дава насоки за модернизирање и оптимизирање на идната организациска структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај и транспорт, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услуги во воздушниот транспорт во Република Макеоднија. Пазарот на услуги во воздушниот транспорт ќе биде целосно либерализиран, во согласност со правото на ЕУ, што ќе обезбеди услови за доаѓање на нискотарифни авиопревозници. За натамошно осовременување на воздухопловната инфраструктура, ќе се изработат мастер планови за двата аеродроми, кои ќе предвидат и резервација на земјиште во околината на аеродромите, за проширување на аеродромските комплекси, и за исполнување на стандардите на Меѓународната заедница за цивилно воздухопловство. Имено, по пат на меѓународен ограничен повик е ангажиран консултански тим, заради изработка на Студија со модел за развој на аеродромот „Александар Велики” - Скопје и аеродромот „Св Апостол Павле” - Охрид. Договорот со избраниот консултант, компанијата NACO, B.V. од Холандија, е потпишан во септември 2007 година. Консултантот веќе започна со работа и има рок од 6 месеци да ја изработи студијата.

*Информациско-комуникациски технологии* - Пристапот до Информациско-комуникациските технологии обезбедува балансиран економски развој на целата територија на државата, односно полицентричен развој, што придонесува за добра децентрализација на единиците на локалната самоуправа, градење на транспарентни и одговорни локални администрации, што кулминира со директно намалување на нееднаквоста, на невработеноста, постепено намалување на дигиталниот јаз, релативизирање на границите и зголемување на соработката и дијалогот во склоп на евро-регионите.

Инфо-комуникациските технологии обезбедуваат поврзување на индивидуите, малите и средни компании, земјоделците или занаетчиите во посиромашните и во крајно изолираните делови на државата, и на сите им овозможува еднаква промоција на заедничкиот национален и глобален пазар**.**

Усвоената Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии во 2007 година целосно е во согласност со приоритетите и целите на иницијативата И-2010 на Европската Унија (обврска за создавање на проактивен амбиент и околина за поддршка на развојот на информатичкото општество). Стратегијата се базира на: создавање на единствен информациски простор со отворен и конкурентен пазар на понуда на пристап до инфо-комуникациските технологии и дигитални содржини, поттикнување на инвестиции во истражување и развој на инфо-комуникациските технологии како моторна сила за развој на дигиталното општество, и создавање на инклузивно Информатичко општество.

Мисијата на оваа Национална стратегија е вклучување на економијата на Република Македонија во светската карта на вмрежени економии, создавање на услови за скок во развојот на економијата преку агресивно воведување и масовно, ефикасно користење на електронските комуникации и информатички технологии, што ќе овозможи, во следните 5 години, Република Македонија да се приближи до просекот на новите земји членки на ЕУ, мерено спрема сите позначајни индикатори.

Политиките за ефикасно и ефективно информатичко општество се во насока на поддршка на развојот и процесот на либерализација на електронските комуникации, услуги достапни за секого по цени базирани на трошоци, масовно користење на широкопојасниот интернет.

Преку развојот на конкуренцијата и влезот на нови оператори ќе се воспостави неопходна инфраструктура за непречено, квалитетно, сигурно и навремено доставување на дигиталните содржини и услугите на информатичко општество.

Имајќи го предвид почетното заостанување, Република Македонија мора да направи дополнителни напори и со значително зголемена брзина да го постигне растот на broadband пенетрацијата, со посебен акцент на развојот на широкопојасните брзи комуникациски мрежи. Предностите на широкопојасниот интернет пристап во ЕУ се базираат на примената во: телемедицина и е-здравство (рурални медицински центри кои ангажираат врвни експерти по потреба, неподвижни пациенти и online мониторинг, далечинско дијагностицирање), е-Влада (суштинска децентрализација и е-демократија), е-образование (доживотно неформално учење, портали за е-учење, е-дневник, далечинско учење на универзитети низ цел свет), рурален развој (е-агро бизнис апликации, туризам, инфо-комуникациско технолошки ресурсни центри и е-точки), и е-бизнис.

Редистрибуцијата на знаења и капитал како суштинска децентрализација, ќе биде можна, само доколку конкуренцијата на broadband пазарот се поддржи и поттикне законски и инфраструктурно низ целата територија на Република Македонија.

Од аспект на користењето на услугите, круцијална улога има развивањето на широкопојасните мрежи преку политики кои ќе ја стимулираат побарувачката на различните типови на услуги на информатичкото општество. Овие политики можат да овозможат финансиски стимулации, подобрување на владините услуги преку е-влада, е-здравство, е-образование, едуцирање на граѓаните, развивање на иновативни јавни услуги, обезбедување на системи на заштита и доверба, поврзување на јавната администрација, училиштата, болниците, малите и средни претпријатија итн.

Еден од приоритетите (дефинирани во Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии) е инвестирање во истражување и развој во информациско-комуникацискиот сектор заради промовирање на економски раст и зголемување на бројот и квалитетот на вработувањата. За таа цел, неопходно е да се обезбеди финансиска поддршка, а како најдобар модел за тоа е креирање на Фонд за развој на информатичко општество од страна на Владата на Република Македонија, во кој секоја година ќе се издвојуваат определени средства.

**Туризам**

Во 2008 година се очекува пораст на туристичкиот промет за 6%, врз основа на започнатите проекти и мерките и активностите кои ќе се спроведуваат на овој план.

Во 2008 година ќе започне имплементацијата на Стратегијата за развој на туризмот преку мерки со кои се создаваат услови за развој на диверзифицирана и брендирана македонската туристичка понуда.

Имено, според Стратегијата, во 2008 година ќе се формира Национална туристичка организација, ќе се зголеми интензитетот на промоција на потенцијалите за развој на туризмот, како атрактивна област за инвестиции, ќе се подобри квалитетот на промотивните материјали, ќе започне реализацијата на повеќе среднорочни проекти. Такви се: Проектот Македонско село, Проект “Аква парк”, Проект - Алпинизам и спортско качување (Матка, Демир Капија, Лешница, Нежилеви стени, Остра карпа, Патишка река, Зли дол, Плоча, Маркови кули, Стење), Проект-Зимско рекреативен центар - Мусица - Крушево (Инфраструктура, туристичко село и жичара и ски лифтови), Проект - Кокино (пристапен пат, уредување на излетнички простор и изградба на брвнара), Проект - Манастирски туризам (пристапен пат и уредување на паркинг простор и хигиено-технички простории, Манастир Св. Јован Бигорски, Лешочки манастир, Марков Манастир, Св. Јоаким Осоговски, Св. Гаврил Лесновски и Манастир Трескавец - Св. Богородица), Проект Бања Кежовица, Штип (реконструкција на бањата, уредување на просторот), Проект - Ловиште Милишин - Гевгелија (изградба на планинарски дом и уредување на простор), Проект- Вински туризам.

Во 2008 година, во функција на зголемување на квалитетот на туристичката понуда, ќе се спроведуваат активности за примена на европските стандарди и подобрување на туристичката инфраструктура.

***Реформи на правосудниот систем***

Претстојните активности во зајакнувањето на независноста на судството и подобрувањето во извршувањето на судската функција ќе бидат насочени кон спроведување на правните решенија кои обезбедуваат независност и одговорност, процена на основите за нивно промовирање, како и зголемување на квалитетот на судскиот систем.
Во оваа насока ќе се изврши: реконструкција и модернизација на 11 судови со проширена надлежност; тренинг на судии и јавни обвинители; унапредување на работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители (АОСО). Така, во 2008 година ќе се спроведе почетната обука на првата генерација на судии и јавни обвинители во Академијата; кадровско екипирање на Академијата и обука на персоналот; подготовка и имплементација на стратегија за управување со буџетот на Академијата; доопремување на Академијата, вклучително и

простории за далечинско учење; дизајнирање и воспоставување на внатрешен информатички систем на Академијата; дизајнирање и имплементација на проценка на ефикасноста на Академијата; воспоставување и организација на правно истражување во Академијата и Оддел за документација и библиотека.

Во 2008 година ќе се изврши унапредување на системот за извршување на судските пресуди, преку спроведување на континуирана обука на вработените во организациониот облик во Министерството за правда, задолжен да врши контрола и надзор над работата на извршителите.

Во 2008 година ќе биде спроведен напредок и во следните сфери на судскиот систем: ќе се врши обука на медијатори; ќе се операционализира уставната одредба и одредбите од Законот за прекршоци; ќе се имплементира изменетиот концепт за судска заштита против управните акти, Законот за управни спорови и Уставните амандмани во делот за Јавното обвинителство, со зајакнување на овластувањата на Јавниот обвинител во предистражната и истражната постапка.

Во согласност со новиот Закон за јавно обвинителство, ќе се врши натамошно јакнење на институционалниот капацитет на Одделението за борба против организираниот криминал и корупција и негово прераснување во посебно обвинителство, согласно Новиот Закон за јавно обвинителство, како и негово кадровско екипирање и материјално-техничко опремување. Заради поефикасно извршување на работата на Одделението за организиран криминал, во 2008 година ќе се спроведат модули за тренинг семинари од областа на организираниот криминал, трговијата со дрога, корупцијата, економскиот и финансиски криминал, царинскиот криминал, е-криминалот, трговијата со луѓе, перењето на пари, финансиските истраги, специјалните истражни мерки, заштитата на сведоци и сведоци соработници, алатки за меѓународна соработка, форензика и управување со предмети. Во структурата и логистиката за развој на електронска база на податоци за организиран криминал и корупција, ќе се изврши анализа на потребите за обезбедување на хардвер, софтвер, и кадровски ресурси. Исто така, заради унапредувањето на системот на казненото законодавство, надлежноста за водење истрага ќе премине од истражните судии на јавното обвинителство.

Во 2008 година ќе профункционира системот за собирање, следење и размена на податоци за организиран криминал и корупција, и заеднички пристап до базите на податоци, помеѓу Јавното обвинителство, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Финансиската полиција, Бирото за перење на пари. Ќе зајакне институционалниот капацитет на специјализираните одделенија за организиран криминал во судовите, со просторни услови, опрема, кадровски потенцијал, обуки и слично.

Ќе се унапредува системот на бесплатна правна помош, а со активности за имплементација на Стратегијата за инфо-комуникациски технологии во правосудство, ќе се воспоставува ефикасна и функционална информатичка технологија.

Натамошното унапредување на законодавството во управната сфера ќе се врши преку поедноставување на управната постапка, и скратување на роковите за постапување. Во 2008 година ќе зајакнат институционалните и административните капацитети на пенетерцијарниот систем, односно, адаптација и доградба на затворите, и отпочнување со редовна работа на Центарот за обучување на вработените во казнено - поправните установи.

***Реформи на пазарот на работна сила***

Реформите и активностите во рамките на пазарот на работна сила во 2008 година ќе се остваруваат во рамки на утврдените политики и мерки зацртани во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2006-2010 година, Националната стратегија за вработување 2010 година и Националниот акционен план за вработување (2006-2008) година.

Имено, и понатаму, приоритетна цел на политиката за вработување на Владата на Република Македонија е поттикнување на вработувањето и намалување на невработеноста. Ова ќе се реализира со поттикнување и зголемување на економскиот раст и развој, зголемување на конкурентноста, пораст на домашните и странски инвестиции, подготовка на локални акциони планови, како и подршка на активни мерки за вработување на одделни групи (млади лица, долгорочно невработени, ранливи групи) и слично.

Во рамки на CARDS-twinning Проектот, ќе се обезбеди ревидирање на националното законодавство од областа на трудот, со цел да се унапреди капацитетот на земјата и да се зајакне на пазарот на трудот, заради подготовка за пристапот кон ЕУ.

Во функција на намалување на регистрираната невработеност, ќе продолжат активностите и ќе се преземат мерки за изнаоѓање на посеопфатни решенија за прекинување на поврзаноста на статусот на невработено лице и универзалните гарантирани права на здравствена и социјална заштита.

Значајна улога за развивањето на ефикасни политики за вработување има и капацитетот на институциите поврзани со пазарот на трудот. Заради тоа, ќе продолжат реформите на институциите во областа на пазарот на трудот, во насока на организација на работа, примена на современи менаџерски техники, буџетирање, планирање, набавка на опрема заради добивање на компатибилна база на податоци, методите на работа насочени кон активни мерки за вработување, воспоставување на систем за мониторинг и евалуација на политиките и мерките за вработување и друго.

Така, во рамките на CARDS Проектот за политики за вработување - III фаза, предвидено е да се зајакнат капацитетите на сите релевантни институции за ефективно имплементирање, мониторинг и евалуација на целите поставени во Националната стратегија за вработување 2010 година и Националниот акционен план за вработување 2006-2008. Проектот опфаќа градење на капацитетите на вработените во Министерството за труд и социјална политика, понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување на Република Македонија и нејзините локални центри, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за бипартитен и трипартитен социјален дијалог за прашањата поврзани со политиките за вработување и трудовите прашања.

Заради унапредување на процесот на креирање на политиките на пазарот на трудот, истражувањето и анализата на потребите од вештини на пазарот на трудот, кои неодамна добија поголемо значење, ќе бидат редовна активност на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Во рамки на Инспекторатот за труд, ќе се работи на развој, модернизација и зајакнување на ресурсите, преку зголемување на бројот на инспектори и нивна едукација за подобрување на работата.

Во 2008 година, ќе се развива, јакне и унапредува социјалниот дијалог на национално и локално ниво, и ќе продолжи да се поттикнува колективното договарање на сите нивоа, со цел имплементација на политиките за вработување и усогласување со мерките и политиките на економскиот развој.

*Пензиско и инвалидско осигурување* – Со воведување на доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, ќе се заокружи процесот на реформата на пензискиот систем во Република Македонија, и ќе се донесе посебен закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Неговата примарна цел во Република Македонија е:

-обезбедување повисок приход по пензионирањето за осигурениците кои се веќе осигурани во едностолбниот или двостолбниот пензиски систем (задолжително пензиско и инвалидско осигурување), а кои сакаат и се во можност да издвојат дополнителни средства заради поголема материјална сигурност или одржување на повисок стандард на живеење по пензионирањето;

-обезбедување пензија на лицата кои не се опфатени со задолжителното пензиско осигурување лично за себе или од други лица, односно, долгорочно невработените, вработените на проекти или во странски мисии, брачните другари кои не се вработени и други лица, без оглед дали се во работен однос или се невработени;

-обезбедување предуслови за воспоставување на професионални пензиски шеми во процесот на усогласување на системот на социјално осигурување во Република Македонија со системот во Европската Унија.

Воведувањето на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување се очекува да има значајно влијание врз економијата во целина, преку зголемување на штедењето на населението, зголемување на моќта на инвестирањето, поттикнување на развојот и продлабочување на пазарот на капитал, преку инвестирање на средствата на пензиските фондови, поттикнување на побарувачка за нови инструменти и нови финансиски услуги, итн. Со регулирање на доброволно пензиско осигурување се воспоставува и законска рамка за организирање професионални пензиски шеми и усогласување со европските текови. Националните причини за прифаќање на директивата на Европскиот парламент од оваа област се исти како и оние во образложението на директивата, односно дека, поради растечкиот притисок врз системите за социјално осигурување, професионалните пензии во иднина сѐ повеќе и повеќе ќе имаат улога на дополнување. Оттука, тие се една од мерките за зајакнување на европскиот социјален модел.

Во 2008 година ќе се следи тековното финансирано пензиско осигурување, посебно во делот на хармонизацијата на основиците и инвалидноста, согласно измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Исто така, Министерството за труд и социјална политика има обврска да ја координира постапката за консолидирана наплата на сите социјални придонеси, согласно писмото на намери од аранжманот со ММФ, за интегрирање на наплатата за социјалните придонеси. Во овој дел, Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија ќе почне да ги наплатува сите придонеси за социјално осигурување и истите веднаш ќе ги пренесува до соодветните фондови, сметано од 1 април 2008 година. Министерството треба да подготви меморандум за соработка со сите три фонда, како и со Министерството за здравство.

Во однос на промените во делот на инвалидноста, се предлага редефинирање на инвалидноста, која во земјите на опкружување на Република Македонија и во законодавството на ЕУ се дефинира како општа неспособност за работа, или професионална неспособност за работа. Со таквото дефинирање на инвалидноста се обезбедува поголема флексибилност на пазарот на трудот, а исто така произлегува и редефинирање на правото по основ на професионална неспособност за работа. Ваквата дефиниција е посоодветна на искористувањето на работната способност и мобилноста на пазарот на трудот, а се одразува и на средствата потребни за обезбедување на правата од пензиско и инвалидско осигурување.

***Реформи во финансискиот систем***

Во текот на 2008 година, Владата на Република Македонија ќе продолжи со реформи на финансискиот систем во банкарскиот сектор, осигурувањето, пазарот на капитал и системот на платен промет.

*Банкарски сектор* - Кај финансиските услуги (банкарски и други услуги, како што се лизинг, кредитирање, парични картички и сл.) во 2008 година ќе продолжи реализацијата на Акциониот план за европско партнерство и ревидираната NPAA, со што ќе се постигне перманентно следење и имплементирање на соодветното право на Унијата.

Заради натамошна либерализација, развој и јакнење на финансискиот сектор, преку поттикнување на домашните и привлекување на странски инвестиции, во 2008 година ќе се спроведат следните активности:

- заокружување на подзаконската рамка за имплементација на Законот за банките, со што всушност ќе отпочне примената на новите стандарди за сигурно и стабилно работење на банките, како што се корпоративното управување, оценка и следење на ризиците со кои се соочуваат банките, ризично ориентирана банкарска супервизија и сл.;

- заокружување на правната рамка за заштита на корисниците на кредити преку донесување на подзаконските акти поврзани со Законот за заштита на потпотрошувачи при договори за потпотрошувачки кредити, со што ќе се овозможи од 1 јануари 2008 година да отпочне примената на Законот во пракса;

- воспоставување на приватно кредитно биро кое на давателите на кредити ќе им овозможи ефикасно управување со кредитниот ризик.

*Поддршка на претприемништвото, мали и средни претпријатија* - Во 2008 година ќе се направи студија за идниот статус и функции на Македонската банка за поддршка на развојот со цел, преку измена на регулативата, да се овозможи ефикасна и ефтина поддршка на мали и средни претпријатија, извозот и приоритетните дејности.

*Систем на осигурувањето* **-** Во областа на осигурувањето, во текот на 2008 година ќе се изврши институционално и административно јакнење на супервизорскиот орган, преку воспоставување Агенција за супервизија на осигурување, во согласност со принципите и стандардите на Меѓународната Асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS). Акцентот ќе се стави на поголема и поефикасна имплементација на законската регулатива, донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување во насока на детално регулирање на мерките за управување со ризик, како и постапките и процедурите за спроведување супервизија. Исто така, ќе се врши натамошно усогласување на законската регулатива со

директивите и другите прописи на Европската Унија, унапредување на постапките и процедурите на спроведување супервизија заради развивање модерен систем на надзор и контрола насочен кон перманентно следење на работењето на друштвата од аспект на нивната изложеност на ризици и преземање на превентивни и корективни мерки, како и премин од супервизија базирана на контрола на усогласеноста со законите кон супервизија базирана на проценка на ризици.

*Систем за сметководство, платен промет и ревизија* - Во областа на системот на сметководството, платниот промет и ревизијата, активностите за 2008 година ќе бидат насочени кон исполнување на обврските кои произлегуваат од NPAA од областа на платниот промет, државната и комерцијалната ревизија, како и сметководството.

*Пазар на капитал* - Во 2008 година во областа на пазарот на капитал посебно внимание ќе се посвети на имплементацијата на новиот Закон за инвестициски фондови и донесување на подзаконската регулатива.

Комисијата за хартии од вредност во 2008 година ќе започне со имплементација на Акциониот план на Стратегијата за спроведување на Законот за хартии од вредност во периодот од 2007/2012 година. Исто така, во текот на 2008 година, Комисијата за хартии од вредност ќе пристапи кон ризично базирана супервизија врз учесниците на пазарот на капитал.

***Претприемништво и развој на мали и средни претпријатија***

Во 2008 година, ќе се имплементира ревидираната Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија и Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија за периодот 2007-2010 година. Врз овие документи ќе се донесе Годишна Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија.

Со годишната Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на мали и средни претпријатија, во 2008 година ќе продолжи поддршката и кофинансирањето на нови бизнис - инкубатори, трошоците на Регионалните центри, ваучерскиот систем на советување, претприемачко дообразование, организирање на европски ден на претприемачите, подигање на свеста за инфо-комуникациските технологии и кампањи за воведување на стандарди и квалитет во работењето и заштитата на правата од интелектуална сопственост.

Мерките и активностите кои ќе се спроведуваат во 2008 година, ќе бидат насочени кон создавање на поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија и занаетчии, како и развој и унапредување на институционалната инфраструктура за поддршка на бизнисот.

Во 2008 година ќе продолжи процесот на јакнење и развој на институционалната инфраструктура преку: отворање нови бизнис центри и нови бизнис инкубатори и поддршка на работата на оперативен едношалтерски систем, Фонд за развој на човечки ресурси-Академија за менаџери, оперативен инкубатор (SEC) институционализација на Форум за дијалог меѓу јавниот и приватниот сектор, Инфо-пултот за соработка на регионалните центри за деловна поддршка и евро-инфо-кореспондентниот центар.

***Други мерки за подобрување на бизнис климата***

Во 2008 година ќе продолжат активностите за унапредување на деловната клима опфатени со проектот BERIS - поддржан од Светската банка, со кој се овозможува воведување на механизмите за оценка на сите нови прописи во постапката на нивното донесување (RIA) и Гилотина во македонското законодавство.

Со Проектот (започнат во 2007 година) ќе се постигне (а) подобрување на деловното законодавство на Република Македонија, кое треба да придонесе кон намалување и отстранување на административните бариери за отпочнување и водење бизнис; (б) институционално и кадровско зајакнување на институциите за квалитет, со цел квалитетно извршување на функциите за обезбедување на извоз и увоз на стоки според меѓународните норми и стандарди; (в) институционално и кадровско зајакнување на Комисијата за заштита на конкуренцијата, поради ефикасна имплементација на македонското законодавство за заштита на конкуренција и давање државна помош во согласност со Европското право; (г) овозможување полесен пристап до информации кои се неопходни за водење бизнис преку унапредување на кредитниот регистар во Народната Банка на Република Македонија.

Во 2008 година ќе се имплементира Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија (2007-2010), со спроведување на мерките и активностите од Акциониот план со предвидената динамика. Ќе се спроведуваат активности за финансиско и кадровско зајакнување во Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија; промовирање на Република Македонија како атрактивно место за инвестирање; реализација на Проектот на Европската агенција за реконструкција за унапредување на инвестициската клима (оценка на постојните политики, јакнење на капацитетот-за промоција со обука и маркетинг стратегија); организирање на Пленарна сесија и билатерални состаноци за Мисијата на OECD - Повелба за инвестиции; изработување и печатење на промотивен материјал за потенцијалните инвеститори; подигнување на свеста за значењето на јавно-приватниот дијалог и развивање на мерки и инструменти со кои ќе се поттикне културата на добро корпоративно управување и корпоративна општествена одговорност.

Во 2008 година, за имплементација на Законот за безбедност на производите, ќе се спроведуваат активности за имплементација на повеќе од 20 правилници, кои се усогласени со европските директиви за пропишување на техничките барања за различни технички области, за кои ќе се врши постапка за акредитација и овластување на тела за оцена на сообразност, за потврдување на нивната компетентност согласно условите пропишани во техничките правилници. Ќе се води Регистер за овластување на тела за оцена на сообразност и ќе се следи нивното работење на домашниот пазар и позициите кои ќе започнат да ги градат спрема внатрешниот пазар на ЕУ. Врз овие основи, ќе отпочнат преговори за членство на Република Македонија во Европскиот Протокол за оцена на сообразност (PEKA), за технички области за кои постои индустриско производство во Република Македонија.

Во 2008 година ќе се пристапи кон активности за склучување на билатерални договори за меѓусебно признавање на резултатите од испитување на техничките производи, со заинтересирани земји-членки на ЕУ. Ќе продолжи спроведувањето на неколку значајни проекти со техничка поддршка од меѓународните институции, и тоа:

- Проект за транспозиција на техничките ЕУ директиви во македонското законодавство и создавање на инфраструктура за квалитет 2005-2009 година, кој е технички поддржан од ГТЗ (GTZ);
- Проект за надзор на пазарот на техничките производи;
- Проект за моторни возила, кој е технички поддржан од ГТЗ за изготвување на Закон за моторни возила и подзаконски акти.

Во 2008 година ќе се реализира Акцискиот план на Програмата за развој на метролошката инфраструктура и ќе се спроведуваат активности за активирање на целокупната метролошка опрема, изготвување и имплементација на регулативата по Регулаторната гилотина од Законот за метрологија и Законот за контрола на предмети од скапоцени метали, и други активности.

Во областа на стандардизацијата, ќе се развива системот на доброволна стандардизација со активности за реализација на Програмата за усвојување на македонски стандарди, усвојување на европските стандарди, како тахничка поддршка за имплементација на техничкото законодавство, соработка со бизнис заедницата, со цел поддршка за излез на странски пазари, преку зголемување на квалитетот и конкурентноста на македонските производи.

Се планира отпочнување со Проектот за акредитација, кој е технички поддржан од ГТЗ, за регулирање на областа на акредитација, според постојните прописи на примена во ЕУ.

***Реформи во здравствениот сектор***

Стратешки приоритет во здравствениот систем во 2008 година е развивање на системот на здравствена заштита и обезбедување на компатибилност со системот на ЕУ, со што ќе се овозможи и слободно движење на здравствените професионалци, услуги и пациенти.

Здравствениот систем ќе функционира согласно Здравствената стратегија, во која на долг рок се утврдени повеќе приоритети. Здравствениот систем ќе обезбеди правичен пристап до сите основни здравствени услуги и превентивни мерки, а пред се за вулнерабилните групи. Ова ќе се постигне со целосен опфат на населението со основниот пакет на здравствени услуги, во рамки на задолжителното здравствено осигурување и преку избран лекар и сестра.

Специјалистичко-консултативната здравствена заштита и понатаму ќе се спроведува во специјалистички ординации, поликлиники и здравствени домови во општините во кои што нема болници, а каде што има болници таа ќе се интегрира и укажува и во рамките на болниците. Ова ќе придонесе за рационално користење на дијагностичката опрема, ќе се избегне дуплирање на процедури и рационално ќе се користи кадарот. Општите болници ќе обезбедуваат стандардизиран вид на здравствени услуги од секундарно ниво.

Ќе се направи анализа на болничките капацитети, ќе се спроведе реорганизација и ќе се дефинира видот на услугите, што ќе се обезбедуваат на секундарно и терциерно ниво. Капиталните инвестиции во јавните и приватните болнички установи и воведувањето на нови технологии, ќе се вршат по претходно одобрение, согласно претходно утврдени стандарди и потреби. Приоритет ќе се даде на понатамошниот развој на дневните болници и амбулантско решавање на здравствените проблеми.

Финансирањето на здравствената заштита и понатаму ќе се темели врз здравствено осигурување. Основен извор за прибирање на средствата ќе бидат придонесите од плата и други надоместоци, кои ќе се слеваат во единствен државен фонд за здравствено осигурување, со строги критериуми и финансиска контрола од Владата. Стапките на придонесите за здравствено осигурување ќе останат на исто ниво, ќе се подобри наплатата на придонесите, а средствата ќе се користат за поефикасни здравствени услуги. Заради подобрување на наплатата на придонесите на Фондот за здравствено осигурување, преку воведување на системот за заедничка наплата на придонесите, лоциран во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, континуирано ќе соработуваат Министерството за финансии, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

Фондот за здравствено осигурување ќе се зајакне и реорганизира за исполнување на основната функција во спроведувањето на здравственото осигурување и ефикасно управување со средствата. Планот на расходите на Фондот за здравствено осигурување постепено ќе преминува во план заснован на купување на потребниот вид и обем на здравствени услуги по договорени цени. Ќе зајакнува буџетската и финансиската дисциплина во сите сегменти на работењето, со понатамошно градење на веќе поставен систем на буџетирање, во согласност со утврдената законска рамка. Во оваа смисла, ќе се подобрува задолжителното, финансиско, месечно известување до Фондот од страна на здравствените установи. При тоа, ќе се зацврсти системот на финансирање и утврдување на буџетите на здравствените установи, врз основа на видот и обемот на извршени здравствени услуги, квалитетот на истите и задоволството на пациентите.

Основниот пакет на здравствени услуги, ќе биде прецизно утврден, јасно дефиниран и транспарентно изразен, според потребите на населението, а ќе овозможи подобра пристапност и подобар квалитет на здравствени услуги.

И понатаму ќе зајакнува контролната функција на Фондот, низ развој, унапредување и интензивирање на активности на ex ante (однапред) контрола на финансиското работење на јавните здравствени установи, со цел да го зајакне процесот на буџетското работење и почитување на буџетската и финансиската дисциплина во јавните здравствени установи, како и економично, наменско и рационално трошење на финансиските средства во здравствените установи. Покрај тоа, ќе следи и контрола за остварувањето на видот и обемот на здравствените услуги во здравствените установи и постапување согласно законската регулатива, и контрола на системот на вредности, за активностите поврзани со остварување на договорените цели. Квалитетот на услугите и задоволството на пациентите ќе бидат резултати кои ќе се оценуваат и по кои ќе се постапува. Фондот за здравствено осигурување ќе остане единствен купувач на здравствени услуги од Основниот пакет на здравствени услуги. Приватни компании може да осигуруваат граѓани за дополнителни услуги на доброволна основа. Плаќањето на здравствените услуги ќе се врши само врз основа на склучени договори за одреден вид и обем на здравствени услуги со дефинирани цени.

Примарната здравствена заштита ќе се плаќа според капитацискиот модел за обезбедени здравствени услуги, а Фондот за здравствено осигурување ќе продолжи да обезбедува финансиски стимулации засновани на висок опфат со превентивни активности, рационално упатување на повисоко ниво на здравствена заштита и рационално препишување на рецепти, согласно медицината базирана на докази.

Воспоставувањето интегриран здравствен информатички систем ќе биде посебен приоритет, а ќе се воспостави согласно препораките дадени во Стратегијата за развој на интегриран здравствен информатички систем од 2006 година. Функционалната интеграција на здравствените информатички системи ќе се постигне со стандардизација и структурата на податоците; процесите на трансфер на податоци; заштитата на податоците; и архитектурата на системите за постапување со информации. Електронски формулари со дигитален потпис ќе се воведат со националните номенклатури, закони и акти. Ќе се изготви законска и номенклатурна рамка за здравствениот информатички систем, што ќе опфати хармонизирање на постојните закони и подзаконски акти, изготвување нов закон за интегриран здравствен информатички систем, воведување нови меѓународни класификации за медицинска здравствена статистика и евиденција, како и воведување меѓународни стандарди, како неопходен предуслов за постигнување здравје. Краткорочни приоритети на Стратегијата за интегриран здравствен информатички систем се: довршување на информатичкиот систем во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, имплементација на болнички информатички систем и создавање унифицирани регистри (унифицирани системи за шифрирање).

Во болничката здравствена заштита, реформите се насочени кон воспоставување на нов систем на менаџирање од страна на двајца директори (стручен и финансиски). Во партнерство со Школата за јавно здравје при Медицинскиот факултет во Скопје, спроведена е обука на над 400 експерти, кои се очекува да придонесат во унапредувањето на стручното и финансиското работење на болниците.

Се очекува реорганизацијата на Клиничкиот центар, да овозможи поедноставно воведување и исплаќање на здравствени услуги, по системот на дијагностички поврзани групи (систем со 19 подгрупи), подобрување на квалитетот на здравствените услуги и материјално финансиската компонента од клиниките, подигање на нивото на задоволство на пациентите, соодветни финансиски механизми на наградување на здравствените работници и зголемување на финансиските вложувања. Особено, ќе се внимава новиот функционален модел на Клиничкиот центар, да обезбеди функционирање на клиниките и институтите, како целина при испораката на основните дејности, како што се терциерните здравствени услуги, едукациската и истражувачката дејност, како и да овозможи функционална поврзаност на сите правни субјекти (клиники и Институти) со Медицинскиот факултет, во сите сегменти во обавувањето на наставна и истражувачка дејност. Во тек е постапката за проценка и операционализација на формирањето на 31 нов правен објект (30 клиники и институти и една заедничка служба) и формирање на нов Ургентен центар.

Во 2008 година, предвидени се и одредени инвестиции насочени кон: обновување на медицинската опрема, капитални инвестиции, компјутерската технологија и унапредување на здравството во делот на зависностите. Со одлука на Владата на Република Македонија, ќе се инвестираат 40 милиони евра за набавка на нова софистицирана медицинска опрема. Средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија и од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување. На овој начин ќе се обезбеди воведување на најсовремена светска медицинска технологија за врвна здравствена заштита на населението, а преку регионалната дисперзија на врвната дијагностика, ќе се подобри достапноста на здравствена заштита на населението. Преку капитална инвестиција се планира да се изврши и градежна реконструкција на јавните здравствени установи, како и изградба на нови објекти, а во интерес на

обезбедување на одржлив систем за справување и контрола на зависностите, отворање на Национален центар за зависности во Скопје и центри во Републиката.

Преку овие инвестиции ќе се реализира иницијативата за воспоставување на Центар за Позитронска емисиона томографија (ПЕТ центар), што претставува врвна метода за дијагностика во онкологијата, хематологијата, кардиологијата и неврологијата. Воспоставувањето на ПЕТ центарот ќе се спроведе во соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија.

За подобрување на достапноста на здравствена заштита за над 100.000 корисници, кои живеат во оддалечени селски подрачја, се планира изградба на 25 амбуланти.

***Спроведување на процесот на децентрализација***

Продолжувањето на процесот на децентрализација во 2008 година, и понатаму е утврдено како стратешки приоритет на Владата на Република Македонија. Прераспределбата на јавните надлежности е направена во полза на локалната управа, меѓутоа, и понатаму се потребни дополнителни активности и мерки во функција на подобрување на општинските перформанси и подобрување на квалитетот на локалните услуги.

Во Програмата за спроведување на децентрализацијата 2008–2010 година, планираните приоритетни активности за спроведување на децентрализацијата ќе се фокусираат на следното:
- развивање иницијативи за подобрување на правната рамка за локалната самоуправа;
- подобрување на комуникацијата со реформата;
- спроведување на годишните програми за обука на државните службеници од локалната управа;
- учество на локалната управа во ЕУ програмите;
- проширување на најдобрата практика за меѓуопштинска соработка и
- создавање на координативно тело и воспоставување процедури за имплементација.

Програмата за спроведување на децентрализацијата 2008–2010 ќе се спроведува откако претходно ќе се формира механизам за донесување одлуки, во координација на Министерството за локална самоуправа.

*Регионален развој* - Новата политика за регионален развој, согласно Законот за рамномерен регионален развој, ќе се заснована врз промовирање на полицентричниот модел на развој и отстранување на диспаритетите помеѓу планско развојните региони. Ова со цел да се забрза развојот на планските региони, да се зачува културниот идентитет на заедниците и да се поддржи меѓуопштинската, регионална и прекугранична соработка.

Ќе се формираат развојно плански региони на ниво на постојните статистички региони НУТС 3. Со Законот е утврдено Бирото за стопански недоволно развиените подрачја да се трансформира во Биро за регионален развој, процес кој е планиран да се оствари во 2008 година. Исто така, утврдено е конституирање на Национален совет за регионален развој, додека на ниво на развојно плански региони е утврдено конституирање на Центри за регионален развој. Основа на планирање и програмирање на рамномерен регионален развој ќе биде Стратегијата за регионален развој на Република Македонија,

како долгорочен плански документ, а ќе се изготват и Програми за развој на 8 планско развојните региони.

Министерството за локална самоуправа е надлежен орган за спроведување на 2-та компонентна на IPA инструментот или прекугранична соработка. Оттука, во 2008 година ќе започне имплементацијата на проекти од програмите за прекугранична соработка кои ќе бидат одобрени од страна на Европската Комисија.

***Политики од областа на животната средина***

Во областа на животната средина, во 2008 година активностите на Владата ќе бидат насочени кон продолжување на процесот на приближување кон ЕУ, во насока на подобрување на капацитетите, институционално преструктуирање и зајакнување на администрацијата на централно и локално ниво.

Во 2008 година ќе се имплементира Стратегијата за апроксимација во областа на животната средина кон ЕУ законодавството, за обезбедување на потребните механизми за привлекување на максимално ниво на надворешна финансиска поддршка, во форма на неповратна помош и заеми. Во процесот на децентрализација, исполнувањето на обврските од Охридскиот рамковен договор, вклучува реорганизација преку делегирање на суштински обврски и надлежности на локалната самоуправа.

За воспоставување на концепт за одржлив развој на национално и локално ниво, се очекува реализирањето на Националната стратегијата за одржлив развој на Република Македонија (2006–2008). Вградувањето на заштитата на животната средина во останатите секторски политики ќе обезбеди поодржлив развој на различните сектори на ефикасен и економичен начин. Во таа насока, ќе зајакнуваат капацитетите на администрацијата на централно и локално ниво за спроведување на законодавството, и потребата од капитални инвестиции во животната средина, за исполнување на барањата на правото на ЕУ.

Во 2008 година ќе продолжи процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина, кон основното законодавство, односно подготовка на подзаконски акти кои произлегуваат од законите за животна средина, управување со отпад, природа, управување со воздух, води, генетски модифицирани организми и бучава.

Посебен акцент ќе се стави на имплементацијата на стратегиите за инвестиции, за отпад, за води, за природа, и др. Во насока на имплементација на политиките од областа на животната средина, значајни мерки треба да се реализираат за:
- Воспоставување на интегриран систем за управување со отпад;
- Воспоставување на системи за интегрирано управување со води и третман на отпадни води;
- Заштита на природата и биолошката разновидност;
- Заштита на воздухот од загадување;
- Воспоставување на мониторинг на сите медиуми од животната средина и
- Изработка на просторни планови и имплементација на Просторниот план на Република Македонија.

Во 2008 година ќе се овозможи користење на политиката за заштита на животна средина за подобрување на процесот на одлучување во останатите секторски политики, вклучувајќи и остварување баланс помеѓу економската

ефикасност и ефективноста на заштитата на животната средина преку поголемо искористување на економските инструменти. Воведувањето на економски инструменти во форма на даноци, надоместоци, дозволи со кои може да се тргува, субвенции и други инструменти има за цел да обезбедат подобрувања во квалитетот на животната средина, пред се преку промена на структурите на цените, што ќе ги мотивира економските субјекти да го променат однесувањето во полза на животната средина.

Во доменот на заштитата на воздухот, се предвидува користење на економски инструменти за намалување на употребата на супстанции што го осиромашуваат озонот. Во областа на климатските промени, воведување на надоместок на $CO_2$ за енергетските извори претставува позитивно средство за поттикнување на промени во однесувањето. Данокот на емисиите на $CO_2$ може дополнително да ги поддржи ефектите од активностите поврзани со предвиденото унапредување на енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори на енергија.

Се предвидува плаќање на такси за користење на природните ресурси и минералните ресурси, а ќе се испитаат опциите за поефективна имплементација на системот на такси за сеча на дрва и намалување на бесправната сеча.

Делот на правото на ЕУ за отпад содржи барања за рециклирање, повторно користење и биолошки третман на биоразградливите отпадоци. Приоритет ќе се даде на испитувањето на можностите за воведување на такса за намалување на користење на пластичните ќеси и ПЕТ контејнерите, а ќе се испита и можноста за рефундирање по поврат за старите возила, со цел да се овозможи соодветен третман и одлагање на старите возила. Исто така, ќе се воведе систем за такси на увозот на горива, а приходот од нив ќе се користи за финален третман и одлагање на отпадните масла и за поттикнување на соодветно постапување со отпадните масла.

Со отстранување на оловниот бензин ќе се стимулира побарувачката за други видови на почисти горива, како што е дизелот со ниска содржина на сулфур, бензинот со ниска содржина на бензол и биогоривата.

Повисоките и подобро применувани такси за корисниците за комуналните инфраструктури ќе мотивираат домаќинско работење и ќе промовираат инвестиции во почисти технологии. Во таа насока ќе се испитаат реалноста, трошоците и добивките за забрзување на воведувањето на технологии за почисто производство и процеси во индустријата.

Со донесувањето на Законот за води, кој содржи одредби за надоместоците за отпадна вода за посебни супстанции, ќе се финализира изработката на дел од техничка документација за управување со отпад и третман на отпадни води (Физибилити студија за третман на отпадни води во Скопје, донација на Јапонската Влада, Физибилити студија за интегрирано управување со отпад во Скопскиот и Полошкиот регион, Програма за инвестиции за 2007 и 2008 година, МЖСПП).

Во 2008 година, ќе зајакнат административните структури потребни за обезбедување на ефикасно управување со животната средина, особено на новите надлежности на локалната самоуправа во процесот на децентрализација.

### *Надворешно трговска размена и промоција*

Развојот на конкурентноста на корпоративниот сектор во индустријата, примената на ЦЕФТА 2006, развојот на претприемништвото и малите и средни претпријатија, создаваат реални основи во 2008 година, да се предвиди пораст на извозот од 9% на годишно ниво, со истовремен пораст на увозот од 14%.

За поддршка на растот на извозот во 2008 година, ќе се продолжи со мерките за поддршка на деловните активности за извоз, создавањето на домашен бренд производи, воведувањето на ЕУ стандарди за квалитет, истражување на странските пазари со активна поддршка на Дипломатско-Конзуларните претставништва во странство, промоција и презентација на македонските производи во странство, поедноставување на процедурите за извоз и воведување на едношалтерски систем и контрола при единствено застанување и отстранување на нетарифните бариери во трговијата.

Промоцијата на македонските производи за извоз во 2008 година ќе се остварува со Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги на странските пазари, преку надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за изработка на промотивни материјали (CD, Web, каталози, флаери), за изработка на идејно решение за дизајн на производ, организирање и учество на бизнис форуми во странство за интернет конекција, семинари, работилници, тркалезни маси и презентирање на одделни индустриски гранки на заеднички штанд на одредени саемски манифестации во странство.

### *Соработка со меѓународни финансиски институции*

Во 2008 година, Владата на Република Македонија ќе продолжи да одржува високо ниво на соработка со меѓународните финансиски институции, пред се, со Меѓународниот Монетарен Фонд, Светска банка, Европска инвестициона банка и Банка за развој при Советот на Европа.

*Соработка со Светска банка* - Во текот на 2008 година, соработката помеѓу Република Македонија и Светска банка ќе биде фокусирана на имплементацијата на постојните проекти финансирани од страна на оваа меѓународна финансиска институција, како и почетна имплементација на проектите од новата четиригодишна Стратегија на Светската банка за партнерство со земјата 2007-2010.

*Соработка со Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)* - Согласно усвоената Стратегија на ЕБОР за Република Македонија, за периодот 2006-2008 година, Владата ја поддржува и охрабрува определбата на ЕБОР за нејзино поголемо учество и поддршка на развојот на приватниот сектор, со тенденција за остварување на сооднос на нејзиното портфолио на инвестирање во јавниот и приватниот сектор, во корист на приватниот сектор, како и за понатамошно зајакнување на финансискиот сектор.

*Соработка со Европската инвестициона банка (ЕИБ)* - Понатамошната Соработка со ЕИБ, ќе биде дефинирана со Рамковниот договор за регулирање на активностите на Европската инвестициона банка. Во однос на новите проекти ЕИБ, ќе ја финансира изградбата на автопат на делницата Демир Капија – Смоквица, а ќе продолжи и понатамошната реализација на Проектот за патишта II (Заобиколница околу Скопје).

Исто така, ќе продолжат да се користат средствата од Revolving фондот, создаден преку имплементацијата на APEKS Глобалниот заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија. Имплементацијата на овие средствата се врши преку Македонска банка за поддршка на развојот, во соработка со деловните банки, преку кои ќе се канализираат средствата до крајните корисници.

*Соработка со Банката за развој при Советот на Европа* - Соработката главно ќе се одвива околу започнувањето на Проектот за изградба на спортски сали во средни училишта во Република Македонија, во чија финансиска конструкција CEB ќе учествува со заем од 12,5 милиони евра.

Во 2008 година се очекува да започне и Проектот за реконструкција на затворите. Средствата за овој проект ќе се обезбедат во поголем дел преку кредит од Банката за развој при Советот на Европа, но значајно учество ќе има и Владата на Република Македонија.

*Соработка на билатерална основа* - Соработката со Германија се одвива преку KfW банката. Во текот на 2008 година, ќе започнат: втората фаза од Проектот за наводнување на јужниот регион на реката Вардар; проектот Водовод и канализација на општините – фаза I; ќе започне набавка на опрема и експолоатација на површинскиот коп за јаглен на рудникот Брод-Гнеотино за потребите на ЕЛЕМ АД – РЕК Битола.

Во 2008, ќе продолжи реализацијата на започнатиот проект за изградбата на браната на ХС Злетовица, финансиран со заем од Јапонија, преку Јапонската банка за меѓународна соработка.

***Соработка со ЕУ и Европска интеграција***

Во текот на 2008 година ќе продолжи спроведувањето на проектите, кои се финансираат во рамките на CARDS Програмата. Исто така, Република Македонија обезбеди пристап и до „Програмите на Заедницата", преку кои се обезбедува трансфер на know-how и најдобрите искуства од други земји во областите на acquis.

Согласно Повеќегодишниот индикативен документ за планирање (MIPD) 2007-2009 на средствата од Инструментот за претпристапна помош - IPA, во 2008 година на Република Македонија и се ставени на располагање за користење вкупно 120,1 милиони евра (вклучувајќи и пренесени средства од алокацијата за 2007 година), од сите компоненти на IPA. За да отпочне користењето на овие средства, во 2008 година ќе се финализираат подготовките и ќе се воспостави оперативен децентрализиран систем за користење на Фондовите на ЕУ, преку финансискиот инструмент IPA. Во текот на 2008, треба да се потпише финансискиот меморандум за користење на IPA за 2008, како и финансиските меморандуми за билатерална помош.

До добивањето на акредитација за системот на децентрализирано спроведување на помошта од IPA, Република Македонија ќе има можност да ја користи помошта алоцирана во првите две IPA компоненти во износ од 82,4 милиони евра (Компонента I - Институционална надградба и Компонента II - Прекугранична соработка) за финансирање на проекти кои можат да се спроведуваат и на централизиран начин.

Во насока на успешното спроведување на процесот на европските интеграциони процеси, покрај редовното следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во 2008 година активностите ќе бидат насочени кон следење на спроведувањето и редовно ажурирање на усвоената Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA), која ги вклучува краткорочните и среднорочните активности за подготовка на Република Македонија за преземање на обврските за членство во ЕУ, преку континуирано усогласување на домашното законодавство со законодавството на Унијата, како и кон градење на институции неопходни за имплементација на законодавството, со проекции за фискални импликации. Имено, Програмата ќе ги опфати буџетските фондови и фондовите за странска поддршка потребни за спроведување на предвидените задачи. Ова е почетна основа за стратешкото планирање и планирањето на Буџетот на Република Македонија, во наредните години.

NPAA ќе ги вклучи обврските превземени со новото Пристапно партнерство и активностите насочени кон подобрување на утврдените области, согласно Мислењето на Европската комисија и Редовниот годишен извештај за напредокот во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ. Мониторингот на реализацијата предвидува континуирана комуникација со министерствата и другите органи на државната управа, и изготвување на редовни извештаи за реализација на истата.

Усвоената програма, NPAA, ќе обезбеди добра почетна основа за започнување на процесот на преговори за членство. Во таа насока, во 2008 година, активностите ќе бидат насочени кон воспоставување на ефикасна преговарачка структура и градење на идните преговарачки позиции на органите на државната администрација.

Во 2008 година ќе продолжи и процесот на изработка за македонска верзија на acquis communitaire (правото на ЕУ). Се предвидува 10.000 страни на Службениот весник на ЕУ да бидат стручно преведени, ревидирани со конзистетна правна и техничка терминологија. Исто така, ќе продолжат и активностите кои се однесуваат на оспособување на државните службеници во органите на државната управа за прашања од ЕУ, односно спроведување на Оперативниот план за ЕУ обука 2008-2009.

Спроведувањето на информативна кампања за подигање на јавната свест за интеграција на Република Македонија во ЕУ и европските прашања, ќе продолжи и во 2008 година, со што ќе се реализира Оперативниот план за информирање и комуникација со јавноста за 2008 година. Исто така, се планира изготвување на публикации, билтени, брошури, организација на информативни настани и редовно ажурирање и надградување на web страницата.

## Анекс: Основни макроекономски индикатори 2008-2010

| Реален Сектор | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бруто домашен производ | | | | | | |
| - стапка на реален раст | 4,1 | 3,73 | 6,0 | 6,0 | 6,5 | 6,5 |
| - тековни цени, во милиони денари | 286.626 | 308.772 | 333.845 | 364.492 | 397.888 | 434.345 |
| - милиони ЕУР (номинален) | 4.676 | 5.046 | 5.456 | 5.957 | 6.503 | 7.098 |
| Инфлација (трошоци на живот, просек) | 0,5 | 3,2 | 2,0 | 3,0 | 2,5 | 2,5 |
| Плати (месечен просек, нето) | | | | | | |
| - номинален пораст | 4,0 | 7,3 | 6,3 | 7,5 | 8,0 | 8,5 |
| - реален пораст | 3,5 | 4,1 | 4,3 | 5,0 | 5,5 | 6,0 |
| Пораст на вработеноста (во %) | 1,5 | 4,3 | 4,0 | 4,0 | 4,0 | 4,0 |
| **Надворешен сектор** | | | | | | |
| Извоз (ф.о.б.), милиони САД долари | 2.040 | 2.400 | 3.254 | 3.518 | 3.918 | 4.324 |
| Увоз (ф.о.б), милиони САД долари | 3.097 | 3.681 | 4.794 | 5.461 | 5.932 | 6.341 |
| Трговски биланс (милиони САД долари) | -1.057 | -1.281 | -1.540 | -1.943 | -2.014 | -2.017 |
| Трговски биланс (ф.о.б) (% од БДП) | -18,2 | -20,3 | -22,6 | -26,2 | -24,9 | -22,8 |
| Дефицит на тековна сметка (милиони САД долари) | -81 | -24 | -200 | -396 | -431 | 354 |
| Дефицит на тековна сметка (% од БДП) | -1,4 | -0,4 | -2,9 | -5,0 | -5,0 | -4,0 |
| Странски директни инвестиции (милиони долари) | 97 | 350 | 363 | 403 | 495 | 443 |
| - % од БДП | 1,7 | 5,6 | 5,3 | 5,4 | 6,1 | 5,0 |
| **Фискален сектор** | | | | | | |
| Дефицит на општ владин буџет (% од БДП) | 0,3 | -0,6 | -1.0 | -1,5 | -1,5 | -1,5 |